Институт за Општествени и Хуманистички Науки – Скопје

Република Северна Македонија

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

НА ТЕМА

# Катарза на политичка култура во Македонија

***"Политичката култура во Македонија и нејзиното влијание врз стабилноста и демократијата"***

Кандидат: Билјана Танеска

Ментор: Доц. Д-р Здравко Савески

Септември 2021

**СОДРЖИНА**

Апстракт....................................................................................................................3

Вовед..........................................................................................................................4

I. ПОИМОТ КУЛТУРА..............................................................................................8

II. ПОИМОТ ПОЛИТИКА.........................................................................................12

III. ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА....................................................................................15

1. Поим на политичката култура.............................................................................15

2. Типови на политичка култура..............................................................................17

3. Граѓанска политичка култура – Алмонд и Верба...............................................20

IV. ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА И ДЕМОКРАТИЈА....................................................25

V. Политичка социјализација и вредности...............................................................30

1. Општо за социјализацијата...................................................................................30

2. Политичка социјализација....................................................................................32

VI. Граѓански активизам............................................................................................36

1. Носители на политичката култура.......................................................................38

2. Видови граѓанско учество.....................................................................................39

3. Граѓанско општество..............................................................................................41

VII. Методологија на истражувањето........................................................................44

VIII. Методи

1. Истражувачки прашања.........................................................................................45

2. Квантитативна анализа..........................................................................................46

3. Квалитативна анализа............................................................................................66

IX. Заклучоци...............................................................................................................68

X. Препораки................................................................................................................72

XI. Работна библиографија.........................................................................................74

*Стабилна и ефективна демократска влада…зависи од ориентациите што ги имаат луѓето кон политичкиот процес - од политичката култура.*

*Алмонд и Верба*

## Апстракт


Оваа теза зборува за тоа каква политичка култура има во Македонија. Иако голем број на испитаници во рамки на спроведената анкета се согласуваат дека има политичка култура во државава, сепак за тоа каква е таа, даваат различен одговор, а сходно на тоа и како до нејзина промена треба да дојде, е нејасно од повеќе причини. Најчести оправдувања или изговори се: рамнодушноста, удобноста во сопствениот комформизам, добивањето на партиска книшка или пополнување на апликација со надеж истата да влезе во официјалните статистики за миграцијата на македонското население. Не треба да се занемари и незнаењето. Не помалку важни се и ставовите искажани во статусите на социјалните медиуми кои за повеќето се доволни, бидејќи ”ништо и онака нема да сменам”.

Она што ќе произлезе од тезата е потребата од катарза на политичката култура за да се постигне дијалог и толеранција. А за да се постигне тоа, потребен е ангажман и учење уште од најрана возраст. Оваа теза ќе покаже колку е значајно влијанието на граѓанскиот активизам врз демократските процеси во државата и стабилноста. Колку е поголемо учеството на поединците во политичките процеси толку е поголема и стабилноста и развојот на демократијата. Затоа што развојот на една држава зависи и од меѓусебната помош, солидарноста и довербата меѓу луѓето, додека односите засновани врз принуда и зависност го кочат напредокот. Неминовно е учеството на граѓаните во политичките процеси, започнувајќи од изборот на куќен совет за зградите па се’ до граѓанските иницијативи за “ден без возила”, на пример.

И покрај постоењето на Устав и закони во нашата држава, поделба на власта, слободни и демократски повеќепартиски избори, слобода на медиуми и говор, одговорите од анкетата покажуваат дека има и недоверба во институциите поради најчесто високото ниво на корупција. Ваквите квалификации оставаат траги и во функционирањето на политичките институции и социјалниот контекст. Без солидарноста и социјалната и општествена доверба како интегрални делови на партиципативна политичка култура,

не може да зборуваме за напредок и демократија на државата и институциите, ниту пак за доброто на сите. Тезата дава одговор на прашањата за тоа каква е и може да биде политичката култура во една земја која е дефинирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава и дали и како може да се влијае на истата, да се смени и развива, без дури и хипотетичка да е можноста да ја снема.


**Abstract**

This thesis speaks about the political culture in Macedonia. Although a large number of respondents in the research will agree that there is a political culture in the country, still what type it is, produces different answers and accordingly how it should be changed, is unclear for several reasons. The most usual excuses are: indifference, comfort in one's own conformism, being a member of political party or filling out an application in the hope that it will enter in to the official statistics on the migration of the Macedonian population. Ignorance should not be neglected. No less important are the views expressed in the statuses on social media, which for most are enough because "I will not change anything anyway." What will emerge from the thesis is the need for a catharsis of political culture to achieve dialogue and tolerance. And to achieve that requires engagement and learning from an early age. This thesis will show how important the impact of civic activism is on the democratic processes in the country and stability. The greater the participation of individuals in the political process is, the greater the stability and development of democracy will be. Because the development of a country also depends on mutual help, solidarity and trust between people, while relations based on coercion and dependence hinder progress. The participation of the citizens in the political processes is inevitable, starting from the election of a house council for the buildings to the civic initiatives for "day without vehicles". Despite the existence of the Constitution and laws in our country, separation of powers, free and democratic multiparty elections, freedom of the media and speech, the survey results show that we have distrust in institutions due to the often high level of corruption. Such qualifications also leave traces in the functioning of political institutions and the social context. Without solidarity and social trust as integral parts of a participatory political culture, we can not talk about progress and democracy of the state and institutions, nor for the good of all. The thesis provides answers to the questions about what is and can be the political culture in a country that is defined as a sovereign, independent, democratic and social state and

whether and how it can be influenced, changed and developed, without even hypothetically the possibility of it disappearing.

## Вовед

Едно од првите укажувања од страна на мојот ментор кога му кажав за што сакам да пишувам во мојата магистерска теза, беше да имам на ум дека често ќе кажат дека во Македонија нема политичка култура. Тоа едноставно не може да биде. Може да нема демократска или друг тип на култура, но не може да нема политичка култура. Ако нема демократска политичка култура, тогаш тоа значи дека политичката култура е авторитарна, клиентилистичка, мешана и слично, а не дека ја нема. Размислувајќи за насловот на оваа теза и поминувајќи низ информациите за истата, цело време на ум ми беше зборот катарза. Зборот „катарза[1]“, значи „чистка“ или „прочистување“, и во трудов ќе го употребам во контекст на политичката култура. Катарзата во психологијата претставува сложен процес со кој потиснатите мисли и чувства, се враќаат повторно во свеста и потоа се прочистуваат преку преживување или вербализација. Со само површно набљудување, а посебно со битисување во државава, може да се увиди дека на македонската политичка култура и треба катарза, односно прочистување.

Политичката култура станува важна тема кога станува збор за демократската стабилност, особено по интелектуалното будење предизвикано од електричните комунистички и фашистички шокови. Политичката култура може да се смета како политичка особеност на нацијата. Таа ги опфаќа длабоко вкоренетите политички карактеристики кои се типични за едно општество. Политичката култура ги зема предвид ставовите, вредностите и убедувањата што луѓето во едно општество ги имаат за политичкиот систем, вклучително и претпоставките како треба да функционира една влада. Како што забележува политикологот Бенет, компонентите на политичката култура можат да бидат тешки за анализа. „Тие се повеќе како леќите во пар очила: тие не се работите што ги гледаме кога го гледаме светот; тие се работите со кои гледаме”[2].

[1] грчки καθάρσις [катарсис] = прочистување
[2] W. Lance Bennett, “American government and politics in the information age”, достапно на tinyurl.com/uz798t2k, пристапено на 13.04.2021

Во оваа теза ќе пишувам за важноста на партиципативната политичка култура, за важноста на поединецот да размислува за себе и своето делување во општеството. Политичката култура не е независна од државното уредување, нејзините акции се поткрепени со аргументи и докази кои прозлегуваат од нашите мисли и чувства. Затоа ќе пишувам за значењето граѓаните да формираат свои ставови, користејќи логика, разум, докази, но и да го задржат интегритетот во презентирањето на истите, да покажат активизам и поддршка на системски решенија и реформи, бидејќи само така промените се можни и видливи. Консензусот за одредени прашања кои покажуваат каде сакаме да ја видиме нашата држава за десет години од сега, бара активни и едуцирани граѓани кои знаат дека не може се' да се случи одеднаш. Исто така важно е да се знае дека не е можно со исти активности да се добие различен резултат. Коректив и учесник во власта не треба да се биде само преку гласање на избори, туку и преку активно партиципирање во сите политички процеси.

Во тезата ќе укажам на потребата од политичко образование на граѓаните како контра мерки на злоупотребата на моќта посебно кога истата се користи за остварување на лични интереси. Тезата ќе покаже дека  подигање на свеста за непоколеблива посветеност на јавното добро е неопходна за развој на демократијата. Активен граѓанин е оној кој знае дека секоја злоупотреба на моќ од страна на политичките лидери, клиентелизам или слично, јасно покажува дека политичките случувања во таа земја се на погрешен пат и за тоа не молчи.

Политичкиот идентитет на една нација е можен само преку признавање на одреден тип на политичка култура што постои во неа. Затоа и типовите на политичките култури кои се дел од тезата, ќе овозможат препознавање на политичка самосвест на поединците. А препознавањето е важно за споредбата која може да поттикне промени и да развие никулци на партиципативност неопходни за модернизација. Развивање на граѓански активизам и партиципативна култура ќе значи и создавање на национален идентитет, почитување на политичкиот легитимитет и континуитет на политичката доверба. Преку катарза на политичката култура заклучоците ќе бидат во насока на создавање на систем за вистинска примена на политичка толеранција и дијалог, почитување на права и обврски, политичка ефикасност која ќе значи очекувањата на граѓаните и соодветен владин одговор.

Инаку, размислувањата за политичката култура како политички феномен постојат многу порано од нејзиното вистинско остварување во сферите на научен интерес. Одредени  митолошки, религиозни, филозофски и најмалку научни темели на овој предмет може да се најдат во Античка Грција во делата на Платон и Аристотел[3], па да продолжат во средниот век, ренесансата итн.

Политичката култура помага да се изгради заедницата и ја олеснува комуникацијата затоа што луѓето споделуваат разбирање за тоа како и зошто се случуваат политички процеси, дејствија и искуства во нивната земја. Таа исто така вклучува формални правила, како и обичаи и традиции, кои се пренесуваат генерациски. Луѓето во голема мера се согласуваат да се придржуваат до одредени формални правила, како што се уставот на земјата и законите, но исто така тие прифаќаат и некои непишани правила: на пример, подготвеноста во Велика Британија да ги прифатат резултатите од изборите без прибегнување кон насилство. Или како што вели Елазар, политичката култура ги поставува границите на прифатливо политичко однесување во општеството[4].

Др. Михаљевиќ во својата анализа[5] укажува на тоа дека балканската политичка култура е најголемиот проблем во демократизацијата на Југоисточна Европа. Според неа, неможноста да се демократизира овој дел од светот е поради присуството на изразено непријателство, недоверба, отуѓување и недостаток на консензус. Специфичниот развој на регионот низ историјата како и сиромаштијата го забавува не само развојот туку и всадувањето на демократските вредности и норми како општо добро.

Лукијан Пај[6], се фокусира на карактеристиките на специфичните култури при формирањето теории за политички развој. Најважното прашање кое тој го поставува е дали политичките лидери се ориентирани кон приватни интереси или национален развој? Според него, степенот на развој на демократијата лежи во одговорот на ова прашање. Понатаму, според него политичкиот развој се карактеризира со потребата за еднаквост согласно капацитетот на политичкиот систем и поделбата на владините институции. Овие карактеристики пак се во корелација со еднаквост во практикување

[3] 5 и 4 век п.н.е.
[4] Daniel J. Elazar, “The American Mosaic”, достапно на tinyurl.com/tnrscyey, пристапено на 02.06.2021
[5] Damirka Mihaljevic, “The Balkan Political Culture – The problem of Democratization”, достапно на tinyurl.com/2vays3tj, пристапено на 31.05.2021
[6] Lucian W. Pye, “Political Culture and Political Development” in Princeton, New JerseyPrinceton University Press online, достапно на tinyurl.com/vb96cdjb, пристапено на 11.03.2021.

на политичката култура, проблемите кои произлегуваат од авторитативните владини структури и прашањето за поделбата по специјалности/должности на другите владини структури. Од сето ова јасно се гледа дека степенот на политички развој ротира околу односот помеѓу политичката култура наспроти владината структура и општиот политички процес.

Алмонд и Верба, основоположници на теориската рамка за развој на поимот граѓанска култура, сметаат дека рамнотежата меѓу моќта, елитите од една страна и одговорноста на власта наспроти масата од друга, лежи во постоење на граѓанска култура, „бидејќи ако демократијата било што претставува, тоа е одговорност на управувачките елити пред барањата на своите граѓани“[7]. Авторите на ова дело за политичка култура се запрашуваат дали рамнотежата може да ја остварат граѓаните и нивните ставови како еден вид корективна активност во морето на контрадикторни и деликатни барања во демократскиот систем, нешто налик на позиција и опозиција? Клучното прашање кое се наметнува е ако елитата/власта треба и мора да биде одговорна, тогаш дали граѓанинот треба и мора да биде активен, вклучен и влијателен во политиката? Ако одговорот е не, тогаш според нив, имаме авторитарна и моќна елита и пасивен, незаинтересиран и невклучен граѓанин.

Во своето дело Алмонд и Верба зборуваат за контрадикторноста во разликата на она што е вистинско политичко однесување на граѓанинот и перцепцијата не само на неговите капацитети да делува, туку и одговорноста кон истите.

На што се должи недоволната активна партиципација на мнозинството граѓани? Дали е поради гнев или немање чувство на одговорност, разочараност, отсуство на вистински избор, висок степен на корупција, изгубени вредности или сето тоа заедно. Доколку политичката власт има обврска да продуцира демократски систем на вредности, да го обновува и да го надоградува политичкиот систем, каде е тогаш должноста на поединецот да даде основа, содржина, корекција?

Недоволната или отсутна политичка партиципација, непрепознавањето на нејзината важност од страна на граѓаните го овозможуваат и засилуваат авторитарното делување на владејачките елити. Алмонд и Верба зборуваат за потребата од активна

[7] Gabirel A. Almond, Sidney Verba, “The Civic Culture: political attitudes and democracy in five nations”. Princeton, NJ: Princeton Unversity Press, 1963

партиципација на индивидуата врз одлуките на политичките елити со кои ќе им се контролира моќта.

Длабоко во темелите на нашата држава постои можност активниот и информиран граѓанин да делува на политичката власт со своите ставови и вредносни судови затоа што таа власт би требало да му одговара нему и на сите граѓани како и да се корегира и да сноси одговорност.

Развојот на демократска политичка култура е од суштинско значење за развојот на граѓанското општество. И обратно, присуството на авторитарна или недемократска политичка култура е една од најголемите пречки за развојот на граѓанското општество. Процесите на унапредување на граѓанското општество врз основа на економскиот развој, активностите на политички елити, унапредување на законодавството, влијанието на меѓународната заедница, промоција на културата за човекови права, прогресивни иницијативи, притисок врз медиумите, образованието, влијаат на промената на вредносните ориентации на населението и нивното демократското политичко учество; односно влијаат на развојот на демократската политичка култура. Од друга страна, подобрување на развојот на демократската политичка култура под влијание на медиумите, образованието, јавноста, културата општо, активностите на елитите претставува плодна почва за развој на граѓански идентитет и на тој начин за развој на граѓанското општество[8].

Често слушаме дека долгорочната регионална стабилност на Западен Балкан не зависи само од државите што го сочинуваат, туку и од тоа голем број надворешни фактори. Најважната е стабилноста на ЕУ. Динамика и ефикасноста на решавање на отворените прашањата на ЕУ (иднината на ЕУ, мигрантската криза, односите со САД, Русија, Кина) можат да имаат решавачко влијание врз регионот па и врз Македонија. Ова води кон тоа дека покрај политичката култура постојат и други фактори кои влијаат врз стабилноста на државата.

Западен Балкан сѐ уште се смета за област на сериозни политички и безбедносни проблеми. Присуството на нетолеранција, национализам и неразвиена демократска политичка култура резултира со отсуство на соработка односно компромис во меѓусебните односи, но и внатре во самите држави.

[8] Dragica Vujadinović, “Civilno društvo i politička kultura”, Filozofska istrazivanja, 2008, достапно на shorturl.at/cxAIM, пристапено на 15.05. 2021.

Како тогаш може да помогне политичката култура?

Универзитетот во Мичиген има спроведено истражување на политичката култура на Западен Балкан (Македонија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска) двапати[9]: од 1994 до 1999 година и повторно од 1999 до 2004 година. Резултатите од истражувањето покажуваат дека значителен процент од испитаниците во Западен Балкан сметаат дека демократијата е подобра од претходниот политички режим, иако се свесни за очигледните проблеми во функционирањето на системот. Само во Македонија и Република Српска поддршката за демократијата е помала од 80 проценти. Иако огромното мнозинство на луѓе во земјите од Западен Балкан ја поддржуваат демократијата, тие не се задоволни од темпото на развој на демократијата во нивните земји.

## I. Поимот култура

Етимолошки поимот култура доаѓа од латинскиот глагол "colere" што значи да се одгледува, негува, како придавка "cultus" што значи обработен, засаден и како именка "cultura" која означува обработка, изработка но и оплеменување. Со развојот на христијанството се употребува поимот "cultus mentis" за да се објасни преобразен дух, религиозно усовршување[10]. Можеби првата дефиниција за културата е: "Cultura… animi philosophia est" односно "Културата… е филозофија на душата"[11]. Како поим во филозофијата и науката се појавува кон крајот на XVIII век во книгата на Јохан Кристоф Аделунг, "Историја на културата".

Се смета дека помеѓу 1920 и 1950 година, презентирани се најмалку сто и педесет и седум дефиниции. Една од поопштите дефиниции ја дава унгарскиот психоаналитичар и антрополог Геза Рохајм[12] во книгата „Создавање и функција на културата": "Од гледна точка на антрополозите, културата е човештвото".

Културата е динамична и развојна целина на сите вредности, кои настануваат по пат на материјално или духовно создавање од страна на човекот, свесно одвојување од природата со цел одржување, продолжување и унапредување на поединците и

[9] Inglehart, R., C. Haerpfer, A. Moreno, C. Welzel, K. Kizilova, J. Diez-Medrano, M. Lagos, P. Norris, E. Ponarin & B. Puranen et al. (eds.). 2014. World Values Survey: Round Four - Country-Pooled Datafile Version, Madrid: JD Systems Institute, достапно на tinyurl.com/2uxxum97, пристапено на 12.04.2021

[10] Аурелиј Августин, IV/V век – доктрина за четирите значења при толкување на Библијата

[11] Марко Тулиј Цицерон, I век п.н.е.

[12] Geza Roheim, "The Origin and Furdon of Culture", New York. 1943, достапно на tinyurl.com/2ajtr4tc, пристапено на 17.04.2021.

општествените групи, општеството и човештвото, односно културата е збир на материјалните и духовните вредности на човекот.

Во денешно време веќе се прифаќа, дури и нагласува, дека културата е политички инструмент, а такви се погледите на серија влијателни автори, како што се: Тери Иглтон, Мишел Фуко, постструктуралистите Жил Делез, Феликс Гатари, Жак Дерида, Ричард Рорти, Чарлс Тејлор и др .

Во општа смисла се препознаваат два основни историски типа на култура и тоа:

1. Традиционална култура која го опфаќа периодот до половина на XIX век и тука спаѓаат:

- народната култура која се создава во рамки на социјалниот живот на одреден етницитет, како што е усната книжевност, песни, музика, сликарство, вајарство, начин на облекување, игри, ритуали. Во однос на народната култура се истакнува нејзината уникатност која се јавува како резултат на нискиот степен на интеракција на етничките групи во предмедиумскиот простор, посебно кога станува збор за поголеми територии.
- елитната култура се одликува со ексклузивност и кореспондира со класната и други поделби во општеството. Таа е резултат на свесен и организиран систем на материјални и духовни вредности кои се својствени за општествени елити во одреден социјално историски контекст. Се карактеризира и преку естетските и други критериуми на вреднување независно од социјалната ширина и перцепцијата на одредени културни вредности.

2. Масовна култура обично се нарекува култура за народот, додека народната се означува како култура на народот. Масовната култура поминува низ фаза на:

- Индустријализација
- Урбанизација
- Модернизација

Според професорот Милан Матиќ[13], културата во општа смисла се одредува како севкупност на историското создавање на човештво во кое човекот го менува светот околу себе но и самиот себе во тој свет. Поимот култура ги опфаќа научните, уметничките создавања и знаења на луѓето, нивното искуство и нивните чувства кои се изразуваат како севкупност или степен на развој на поединецот и општествените групи во вледеење со светот. Тој за поимот цивилизација кажува дека се однесува повеќе на човековите создавања и знаења/искуства во областа на материјалната репродукција и

[13] Milan Matic, "O pojmu politicke culture", достапно на shorturl.at/mGVW3, пристапено на 23.07.2021

секојдневен живот, додека поимот култура содржи потрајни духовни наследства и особини на луѓето и општествените групи низ нивниот историски развој, согледување на неговата природа и негување на таа природа во духовна смисла. Цивилизацијата ги изразува материјалните интереси и непосредни потреби на човекот, додека културата опфаќа трајни вредности, знаења, уверувања, доживувања и примери како и симболички свет кој овозможува потрајна ориентација на луѓето и заедницата на која припаѓаат во дадениот простор и време. Покрај општите специфики, културата содржи и специфични вредности карактеристични за една епоха или за одредена општествена група и заедница, така што културата претставува и основа/идентитет и самоспознавање на луѓето и општествените колективи, која постепено се менува за разлика од динамичниот развој на општеството. Покрај тоа таа претставува и поддршка и столб на луѓето низ тие историски промени. Согласно тоа културата претставува една од најважните наследства на целокупниот развој на човечкиот род, мерило за останатите негови достигнувања во областа на неговиот живот и создавање. Додека цивилизациското и материјално наследство се привремени, можат да се уништат, културните вредности се потрајни и од нив пресудно зависи и динамиката на цивилизациски развој и обновување на материјалното наследство[14].

Согласно неговите анализи тој укажува на тоа дека и покрај одредени големи материјални и воени уништувања, културата на народот во одредени земји овозможува па дури и поттикнува многу брза обнова и развој, додека други култури посебно оние со конзервативни религии и ставови кон модернизацијата и промените, придонесува за поспор општествен развој, односно делува како некој вид на духовен отпор кон промените со желба да се зачува постоечкото макар и по цена на заостанување во цивилизацискиот развој на одредени земји. Позната е историската законитост дека помалку развиен народ не може да ја уништи културата на понапредните[15]. Исто така контрастот помеѓу Јапонија и Индија или Германија и некои од исламски земји, помеѓу будизмот и исламот од една, и протестантизмот од друга јасно ја доловува сликата. Во секој случај културата е неисцрпен извор на креативни сили и потенцијали на едно општество, негова најважна сфера која луѓето будно ја чуваат од можни потчинувања и акултурации, бидејќи културното потчинување значи и може да биде основа и за друг вид на потчинувања. Слични размислувања има и во меѓукултурната динамика на

[14] Milan Matic, "O pojmu politicke culture", достапно на shorturl.at/mGVW3, пристапено на 23.07.2021

[15] Освојувањето на Рим од Хуните во 476 година

помали групи внатре во глобалните општества во кое секоја група настојува да ја сочува или афирмира својата културна посебност и особини.

Општата култура е сложена сфера во која се рефлектираат наследствата и искуствата на духовниот развој на сите полиња од животот, вклучувајќи го и политичкиот кој е од големо значење за колективна егзистенција и избор на патишта и цели на заеднички развој на поедини народи и други општествени групи.

Постојат различни дефиниции за култура[16]. Кај дескриптивните карактеристични критериуми се дали културата се дефинира како сеопфатен тоталитет или се набројуваат аспекти на културната содржина. Историските дефиниции избираат една карактеристика на културата, социјално наследство или социјална традиција наместо да се обидат суштински да ја дефинираат културата. Антрополошките дефиниции културата ја разбираат како целокупен начин на живот на еден народ, општественото наследство што индивидуата го стекнува од својата група. Вислер најдобро ги опишува нормативните дефиниции укажувајќи на „начин на живот проследено со заедницата".

Психолошките дефиниции за културата ставаат акцент на решавање на проблеми, акцент на учење. Бенедикт[17] во истата книга, вели дека културата е социолошки термин за научено однесување, однесување кое кај човекот не се добива при раѓање и не е определено со неговите герминативни клетки како што е однесувањето на осите или социјалните мравки, па затоа мора повторно да се создава кај возрасни луѓе по секоја нова генерација. Кај психолошките дефиниции кога акцент се става на навики, дефиницијата на Тозер, ја гледа културата како рационализација на навиката. Чисто психолошка дефиниција на Робејм, вели дека под поимот култура ќе го разбереме збирот на сите сублимации, сите замени или реакција, формации, накратко, се што во општеството инхибира импулси или дозволува нивно искривено задоволство. Се чини дека Рохајм е единствениот психоаналитичар кој се обидел да преземе формална дефиниција во психоаналитички термини. Кај структурните дефиниции за културата ја имаме самата организација на култура и структурни односи кои се карактеризираат со релативно фиксни односи помеѓу деловите отколку со самите делови или елементи.

Потоа тука се генетичките дефиниции кои на културата гледаат како производ на човечкото здружување или артефакт, односно култура како систем на меѓусебно

[16] A.L Kroeber and Klide Klukhonen, “Culture: a critical review of concepts and definitions”, Cambridge, Massachusetts, 1952

[17] Ruth Benedict, “Patterns of culture”, Routlege & Kegan Paul LTD, Broadway House, Carter Line, London, 1935.

поврзани и меѓусебно зависни навики на реакција, односно однесување посредувано од симболи.

Оттука доаѓаме до терминот на културно-историски типови, термин што за првпат го воведе во филозофијата на историјата, Николај Данилевски[18]. Неговото најзначајно дело е книгата „Русија и Европа“ објавена во 1871 година. Николај Данилевски, правејќи културно-историски типови во светот, ги набројува оние што не успеваат да го завршат својот развој (мексикански и перуански културно-историски тип) за да си обезбедат неограничен развој, но пишува и за народи кои имале негативен придонес кон развојот на човештвото и самата нивна експанзија довела до кочење на развојот (Хуни, Турци).

Културата претставува свесно човечко однесување. Кога станува збор за однесување кое е природно, човекот го обработуваа тоа однесување преку воведување култура во него. Културата е она што човекот го носи во себе, неговиот начин на однесување, знаење, вештини, ставови, мислења, ориентации, говор. Се што не е материјален свет. Доколку за некого се каже дека е некултурен, тоа не значи дека нема култура туку дека како поединец или група не се однесува/аат во согласност со општествено владејачката култура. Бидејќи овој труд зборува за политичката култура, поврзувањето на културата со политиката би значело изнаоѓање на заедничка точка за дефинирање на носител на прифатливо политичко културно однесување.

## II Поимот политика

### Politics – policy – polity

Аристотел го опишува проучувањето на политиката како проучување на човечките интеракции во границите на политичкиот живот кое практично опфаќа се’. Кога зборуваме за политика мислиме и на војна и мир, на правда, даноци, граѓански права и слободи, економија, абортус, брак и контури кои го обликуваат и директно влијаат на нашиот живот. Или слободно може да се каже дека секојдневието е различно на луѓето родени во Јужна и Северна Кореја.

[18] Miroslav Ivanovikj, “UNIVERZALNO ČOVEČANSTVO ILI NACIONALIZAM”, “O polemici između Solovjova i Danilevskog”, достапно на урл:shorturl.at/lwxyY, пристапено на 13.06.2021

Британскиот теоретичар Колин Хеј[19], зборува за две главни сфаќања за политиката. Според едното гледиште кое го црпи од делата на Аристотел, политиката ја смета за умешност во решавањето на колективни проблеми и средство преку кое може да се цели кон праведно и просперитетно општество. Затоа примат тука ѝ дава на политичката активност која вклучува борба за моќ, но моќ само како средство да се реализира визијата за добро општество базирано на одредени политички идеи и програми. Според Хеј ваквата благородна политичка активност не е целосно исчезната од модерните општества, туку во голема мера е потисната од други гледишта. Второто гледиште кое го црпи од делата на Макијавели, на политиката гледа само како борба за власта и, доколку е успешна, борба за останување на власт. Во таква констелација на односи, граѓани се важни само преку нивните гласови кои им се потребни на политичарите за да ја освојат и/или задржат власта. Тука според него не станува збор за активни политички актери кои треба да учествуваат во донесувањето важни политички одлуки и да учествуваат во политичкиот и општествен живот. Кај ова гледиште политиката не е решение за колективните проблеми, туку борба во која крајната цел и наградата е освојувањето на моќта. Освојувањето на моќта и нејзината примена е крајната цел на политичкото дејствување. Политичкиот успех или неуспех се мери само според тоа дали сте успеале да ја зачувате или освоите моќта, а да се биде на власт е крајната цел на политичкото дејствување.

Во англискиот јазик постојат три основни поими за политика кои добро ја објаснуваат секоја нејзина димензија. Аспектот на политиката што се однесува на борбата за моќ, за власт, за управување со институциите на политичкиот систем се нарекува во областа на англиско говорно подрачје ”politics”. Овој аспект претежно се однесува на интересите на политичките актери и зголемување на нивните следбеници, како и конфликти со опозицијата. Тука главни актери се политичките партии. Но, политиката исто така е составена од нејзината институционална димензија - збир на правила, процедури и институции што го сочинуваат политички систем. На англиски тоа е “polity”. Третиот аспект е јавната политика – “policy” или “public policy” која се однесува на содржината на политичкото одлучување[20]. Јавните политики значат одлучување за нашите заеднички работи. Тие влијаат на решавање на колективните проблеми, а тоа се проблемите што ги споделуваме како заедница и кои влијаат на

[19] Colin Hay, “Political Analysis, a critical introduction “, Palgrave Houndmills, Basingstoke, Hampshire RG21 6XS and 175 Fifth Avenue, New York, N.Y. 10010, 2002
[20] Berto Šalaj, Dražen Hoffmann, Martina Horvat, Politička pismenost, GONG, Загреб, 2018

многу или на сите граѓани, и што е уште поважно, на оние проблеми што можат да се решат заеднички.

Постојат различни дефиниции за јавните политики, од кои сите го нагласуваат донесувањето одлуки за заеднички прашања или проблеми. Јавните политики се дефинираат како намерно дејствување на владините институции, со кое се менува и влијае врз општеството и економијата, или, она што владата или власта одлучила да направи или не[21]. Според тоа, јавните политики претставуваат различни државни интервенции со цел постигнување на јавно дефинирани цели на одредени начини. Значи, двата основни елементи на јавната политика се целите и инструментите - што треба да постигне и како тоа се постигнува. Пример за неактивност е недостатокот на политичка волја за воведување на изборниот предмет веронаука во основните училишта. Затоа, јавните политики ја опишуваат перцепцијата за политиката како позитивна и насочена кон постигнување цели во корист на заедницата, каде што владата се обидува да донесе најдобри можни одлуки за да ги задоволи колективните потреби, избирајќи помеѓу неколку можни насоки на дејствување.

Кога се зборува за јавните политики се мисли на областите и институциите преку кои власта носи одлуки за да ги задоволи потребите на заедницата. Актерите се делат на формални или неформални, поединци, групи или организации кои учествуваат во процесот на креирање на јавни политики, посебно во однос на изнаоѓање и имплементација на решенијата. Актерите се делат на државни кои согласно устав и закон имаат право формално да учествуваат во креирање на јавните политики и недржавни или неформалните актери, кои се идентификуваат како учесници, засегнати страни кои добиваат право да учествуваат во јавно-политичкиот процес.

Неформалните актери бидејќи ги претставуваат интересите и вредностите на одредени општествени групи треба да се борат за да учествуваат во процесот на креирање јавни политики. Постојат три основни извори на моќ за неформални, недржавни актери што им ја олеснува таа борба. Првиот извор е бројот на членови на организацијата, односно бројот на граѓани што тие ги претставуваат. Честопати е особено важно за носителите на одлуки колку потенцијални и активни гласачи има во нивното членство. Потоа, второ, важно е со какви ресурси располага неформалниот актер. Ова особено се однесува на финансискиот, но и на човечкиот капитал (со какви информации и експертиза располага). Третиот извор на моќ за неформалните актери и целните групи

[21] Thomas R. Dye, "Understanding public policy", Pearson Education, Inc. 198, 2003

на јавни политики е нивната способност и подготвеност да се мобилизираат и да дејствуваат политички покрај гласањето[22].

## III. Политичка култура

### 1. Поим на политичката култура

Кога зборуваат за политичката култура, Алмонд и Верба во своето дело, зборуваат за политичка култура на нацијата. Не зборуваат за политичка култура како национален карактер или модел на однесување, туку повеќе како за политичка социјализација без да ги негираат историските, морфолошките, социјалните, психолошките, антрополошките влијанија кои веќе го дефинирале човекот и неговото политичко однесување и улога. Според нив постојат две причини зашто е воведен терминот политичка култура. Првата се однесува на тоа дека станува збор за специфична политичка ориентација - специфичен сет на однесување наспроти политичкиот систем, односно сет на политички објекти и процеси. Од друга страна, со изборот на поимот политичка култура се овозможува да се надгради концептуалната рамка со теориски пристапи земени од антропологијата, социологијата и психологијата. Воедно, многу полесно може да се разберат промените на политичкиот систем и неговите трансформации кога може да се претпоставува за однесувањата врз основа на генерални струкутури и процеси.

Политичката култура се состои од претпоставки за политичкиот свет. Легитимен политички учесник е оној кој дејствува според широко прифатени претпоставки додека оној кој има сосема различни ставови од мнозинството за политичките случувања, правилни начини на однесување и за целите и стратегиите ќе биде нелегитимен. Претпоставките за политичкиот свет го фокусираат вниманието кон одредени настаните, правила и однесувањето кои се можни и релевантни, но се дел од низа на можни и релевантни решенија. Токму преку политичката култура се оттргнува вниманието од целата низа на можни и релевантни однесувања, правила и решенија кои потоа добиваат малку или не добиваат внимание во одредена култура. Затоа, повеќето луѓе од која било култура ќе земат здраво за готово одреден тек на дејствување или ќе разгледаат само неколку алтернативи. На пример, оваа низа на можни и релевантни решенија може да биде мала, конзистентна, строга во едно

[22] Berto Šalaj, Dražen Hoffmann, Martina Horvat, Politička pismenost, GONG, Zagreb, 2018.

традиционално општество, но може да биде со широк спектар на можности, ставови, кои не мора да се компатибилни и конзистентни како што се на пример консензуалните демократски општества[23].

Гертц[24] истакнува дека „културата најдобро се гледа не како комплекс од конкретни модели на однесување, обичаи, начини на употреба, традиции, групи на навики, туку како збир на контролни механизми, планови, рецепти, правила, упатства (она што компјутерските инженери го нарекуваат „програми“), за управување со однесувањето.

По најопштите одредници, политичката култура е оној дел од општата култура кој опфаќа вредности, ставови, симболи, параметри и модели на однесување во однос на политиката и политичкиот живот општо. Прашања кои се однесуваат на општиот услови за заеднички живот и избор на правец за општествен развој.

Според професорот Матиќ, политичката култура се сфаќа и како фактор на најширока политичка поддршка, но и противтежа на политичката власт од која пак извира општествено прифатливиот модел и начин на делување на таа власт. Затоа имајќи ја предвид стабилизирачката па дури и конзервативна улога на културата во насока на зачувување на традицијата и искуственото наследство, политичката култура е и еден од најважниот контрабаланс на експанзијата на политиката во општественото ткиво, некој вид одбранбен механизам кое општетсвото автономно го чува наспроти самостојната политичка власт и секојдневни политички процеси. Оттука, смета тој, политичката култура е некој вид последна резерва и отпор на општеството кој се јавува за да одговори на изненадни политички кризи, празнини со кои се загрозува основната кохезија или опстанокот на некоја заедница. Во теориите каде на човекот се гледа преку симболи, политичка – културните симболи се средства кои заедницата ги поседува независно од другите институции и доктрини, кои слушат како можни резерви и сигурност на човекот за опстанок во динамичниот и неизвесен политички развој на општеството.

Алмонд ја опишува политичката култура како мрежа на индивидуални ориентации и ставови кои припадниците на една заедница ги имаат кон политичкиот систем. Според него ориентацијата е базична категорија и му претходи на заземањето на ставот.

---

[23] David J. Elkins and Richard E.B. Simeon, “A Cause in Search of Its Effect, or What Does Political Culture Explain”? Ph.D. Program in Political Science of the City University of New York Stable

[24] Clifford Geertz, “The interpretation of cultures selected essays”, by Basic Books, Inc., Puhlishers NEW YORK 1973

Алмонд во ставовите ги издвојува когнитивните, афективните и вредносните димензии кои се испреплетени и една влијае на друга создавајќи политичко однесување.

Според Роберт Дал, политичката култура ја сочинуваат мрежа од индивидуални ориентации спрема политичкиот систем. Ориентациите можат да бидат позитивни (активни, лојални), апатични (неутрални) и отуѓувачки. Исто така утврдува и ориентации кон колективни акции кои можат да бидат кооперативни и некооперативни (антагонистички). Додека пак согласно критериумот за ориентации кон решавање на политички и општетсвени проблеми може ориентациите да бидат прагматични или пак дедуктивно рационалистички[25].

## 2. Типови на политичка култура

Според Алмонд и Верба постојат три идеални типа на политичка култура:

- парохијална
- поданичка
- партиципативна

Според овие автори, во парохијалната култура, луѓето се поистоветуваат со просторот во кој живеат, а не со нацијата (односно поширока политичка заедница) и немаат желба и способност да учествуваат во политиката. Политичката лојалност се базира повеќе врз афективна, отколку врз информативна содржина. Граѓаните не вложуваат напори во политичкиот систем, ниту очекуваат нешто за возврат од него. Постои строга хиерархизираност и почитување на воспоставените практики и традиции.

Авторите за поданичката политичка култура велат дека претставува пасивност на граѓаните кон државата, имаат уверување дека многу ограничено можат да влијаат врз политичките одлуки, имаат почит кон административниот аспект на политиката, но не постои никаква канализација на барањата од граѓаните кон политичкиот систем. Граѓаните се покоруваат кон државата, но не испорачуваат никакви барања кон политичкиот систем. Додека граѓаните со партиципативната политичка култура

[25] Robert Dahl, Ian Shapiro, and Jose´ Antonio Cheibub, “The democracy sourcebook”, MIT Press Cambridge, Massachusetts, London, England, 2003

посветуваат големо внимание на политиката, а партиципацијата на народот во одлучувањето се смета за пожелно и делотворно.

Алмонд и Верба, ги изведуваат различните видови на политичка култура од одреден став на поединците кон различни објекти на политиката, и од нивната перцепција за тоа каква е нивната улога во политичкиот процес. „Системот“ како општ објект на политиката опфаќа ставови кон националниот идентитет и гордост, кон демократијата како посебна форма на владеење итн. Во категоријата „влезни објекти” можеме да вклучиме политички интерес, подготвеност за политичка комуникација, политичка компетентност итн., додека во категоријата „излезни“ објекти може да ја вклучиме перцепцијата за ефикасност или перформанси на владата, очекувања од властите итн.

| Објекти на политиката | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Општ објект | Влезни објекти | Излезни објекти | Јас како објект |
| парохијанец | 0 | 0 | 0 | 0 |
| поданик | 1 | 0 | 1 | 0 |
| партиципант | 1 | 1 | 1 | 1 |

Важно е да се дискутира за видовите на политичка култура, бидејќи само на овој начин можеме да ги одредиме основните карактеристики на политичката култура на одделни нации и да ги дефинираме основните разлики и сличности меѓу нив. Затоа, често се вели низ трудовите на многу автори дека видовите на политичка култура имаат интерпретативна и објаснувачка вредност во истражувањата на политиките. Тие овозможуваат толкување на емпириски наоди за политичка култура и политичко однесување во одредени нации и средини, како и класификација на овие наоди во меѓународни компаративни анализи. Во теоријата на политичката култура, тие исто така користат термини како што се политички ориентации, димензии на политичката култура, модели на политичка култура, профили на политичка култура итн. Видовите се израз на различни акценти и комбинации помеѓу различни димензии и модели на политичка култура. Така, на пример, Алмонд и Верба ги одредуваат видовите на

политичка култура пред се’ од гледна точка на улогата на поединците во политиката, особено од нивната перцепција за сопствената улога и можноста за влијание врз политичките процеси. Иако некои автори го користат поимот идеологија за да ги одредат видовите на политичка култура, други го користат поимот политички стил, четврти поим вредности, петти комбинација на вредности и организација на моќта и авторитетот итн., секој критериум дозволува да се пристапи кон политичката култура од различни агли. Политичката култура е толку сложена појава и е одредена од различни фактори (традиција, религија, образование, организација власти и сл.) дека е невозможно да се утврди нејзината типологија само од позиција на еден критериум. Затоа користењето на различни критериуми иако може да биде некомпатибилно, може целосно да го расветли овој политички феномен поцелосно и подетално.

Иако Алмонд и Верба детално ги опишуваат „чистите“ типови на политичка култура, тие зборуваат во своето дело и за можноста за постоење на т.н. три мешани типови на овој феномен. Четвртиот мешан тип е составен од комбинација на елементи од сите три чисти типови, тип што Алмонд и Верба го нарекуваат „граѓанска политичка култура“ кој е ист како и демократската политичка култура. Тие на тој начин го поврзуваат поимот граѓанин со поимот демократија.

Според професорката Малеска[26], политичката култура која доминира во западните демократии е граѓанската култура која настанува како резултат на мешање на трите идеални типови, така што партиципативните елементи доминираат. На пример, знаењето и разбирањето на политичкиот процес, ставовите и чувствата на приврзаност што ги имаат граѓаните кон политиката се важни бидејќи ја поттикнуваат политичката партиципација. Така, според неа, граѓанската култура е балансирана култура – политичка партиципација, вклучување и рационалност постојат, но се урамнотежени од традиционалните вредности на почитување на авторитети и немешање. Политичката активност е висока, но не до степен да го уништи авторитетот на власта; политичка соработка постои, но е балансирана; политички расцепи има, но тие се држат под контрола, итн.

Некои автори сметаат дека постојат три доминантни политички супкултури во американските држави: моралистичка (владата се смета за егалитарна институција

[26] Мирјана Малеска, “Предизвици, политичка култура- Политичката култура и демократската стабилност”, ФЕС – Скопје, 2019, достапно на tinyurl.com/2w4jfne2, пристапено на 02.02.2021

задолжена за остварување на општото добро), традиционалистичка (на владата се гледа како на хиерархиска институција задолжена за заштита на статус кво на елитата) и индивидуалистичка (владата се смета за минималистичка институција задолжена за заштита на функционалноста на пазарот, но инаку не е активна).

## 3. Граѓанска политичка култура – Алмонд и Верба

Во своето капитално дело, Алмонд и Верба укажуваат дека нивното проучување на граѓанската култура е фокусирано на проучување на ориентациите кон политичката структура и политичкиот процес, а не кон содржината на политичките барања и резултатите од политиката. Тие тврдат дека во стабилни политички системи, оние разлики во политичката култура што се поврзани со самата содржина на политиката се поважни од разликите кои се поврзани со политичките структури и процеси. Во стабилни системи, постои легитимитет на демократското општество, со познати правила на демократска игра, постои мирен трансфер на власта, се почитуваат правата на поединците на политичко учество итн. Затоа, во стабилни системи, поважна е разликата во политичката култура што се однесува на содржината на политиката, посебно онаа која се однесува на целите и содржината на јавните политики. Така, политичката култура се префрла на прашањата за човековите права, правата на жените, социјалната правда, прашањата за екологијата, мирот, социјалната сигурност итн. Додека во нестабилните општества, диференцијациите во политичката култура се движат кон политичка структура и политички процес. Затоа, може да се тврди дека во земјите во транзиција е поважно да се набљудува политичката култура поврзана со политичката структура и политичкиот процес, отколку самата содржина на политиката[27]. Во овие земји главните политички антагонизмии и фрагментации се поврзани со структурите и процесите, а не толку со суштинските содржини на политиката. Од демократскиот граѓанин се очекува да биде активен во политиката, да биде политички рационален - воден од разум, а не од емоции. Од него се очекува да биде добро информиран и да донесува политички одлуки, на пример за кого да гласа, врз основа на внимателна проценка на интересите и принципите. Таква култура, со акцент на рационално учество во влезни структури политика, тие ја нарекуваат „рационалистичко-активистичка“ политичка култура. Во граѓанската култура, акцентот е ставен на политичкото учество. Во него може да се најдат високи нивоа на политички

[27] Vladimir Vujcic, “Tipologija politicke kulture”, Polit. misao, Vol XXXV, 1998

информации, подготвеност за комуникација, политичка организација и политичка акција. Но, покрај овие активистички елементи, Алмонд и Верба истакнуваат дека граѓанската култура е лојална партиципативна култура и во неа постои „хармонија помеѓу политичката култура и политичката структура“[28]. Со други зборови, тие упатуваат дека граѓанската политичка култура одговара на само еден политички поредок, а тоа е демократскиот политички поредок. Оттука и дебатите за проблемот на односот помеѓу политичката структура и политичката култура. Во граѓанската политичка култура, партиципативните политички ориентации се комбинираат со потчинети и парохиски. Поединци стануваат учесници во политичкиот процес, но тие не ги напуштаат своите ориентации и улоги како поданици или парохјани.

Токму овие поданички ориентации влијаат врз ограничувањето и спречувањето на политичкиот активизам на поединците во политиката. Кога не би биле овие поданички ориентации, не би постоело ни умерено политичко делување на поединци. Туку нивната политичка активност честопати би прераснувала во револуција и разни форми на екстремизам, а актуелната политичка и државна моќ не би можела да владее стабилно и ефикасно, или постојано ќе работи под притисок на поляризирана јавноса и нејзините честопати оправдани и неоправдани барања.

Јасно е дека моделот на граѓанска политичка култура не е исто со моделот на рационалистичко-активистичка политичка култура. Активноста, вклученоста и рационалноста се карактеристики на граѓанската политичка култура, но таа е и повеќе од тоа. Затоа граѓанската политичка култура е мешана политичка култура. Во нејзината партиципативна ориентација, карактеристиките на парохијаните и поданиците се задржани. Се разбира, од ова може да се заклучи дека е мешавина поради збирот на различни ориентации, парохиски, потчинети и партиципативни улоги и ориентации.

Но, покрај тоа што е мешана политичка култура, таа е исто така култура на избалансирани внатрешни противречности. Како што демократскиот систем не е чиста форма на владеење, така и неговата политичка култура не може да биде чист тип на политичка култура. Од учењето на Алмонд и Верба следува дека оваа теза за мешан тип граѓанска политичка култура има две форми. Имено, може јасно да се заклучи дека

---

[28] Gabirel A. Almond, Sidney Verba, “The Civic Culture: political attitudes and democracy in five nations”. Princeton, NJ: Princeton Unversity Press, 1963

тие всушност зборуваат за двојно мешана култура[29]. Оваа двојна мешавина се сведува на фактот дека постојат поединци во општеството кои имаат развиена мешана граѓанска култура, но и оние и понатаму задржуваат некои чисти или други мешани типови на политички култури (на пример, само партиципативни, потчинети или парохиски, и суб-партиципативни, итн.)[30]. Така, во демократско општество, луѓето со различни видови на политичка култура живеат во исто време. Таков политичко-културен плурализам одговара на демократијата како поредок кој сам по себе формира цела серија структурни и други противречности. Овој политичко-културен плурализам сам по себе ги овозможува процесите на политичка рамнотежа и стабилност на поредокот. Затоа, според професорот Вујчиќ, граѓанската политичка култура не е балансирана политичка култура сама по себе и за себе, туку е можно да се балансира во демократско општество, бидејќи, покрај своето постоење, сите други видови на политичка култура се уште постојат, особено партиципативната и поданичката. Оваа политичка култура е двојно избалансирана: прво, затоа што покрај нејзиното постоење постојат и други видови ориентации, но таа е само по себе балансирана политичка култура. Тој понатаму вели дека граѓанската политичка култура има надворешен и внатрешен баланс. Надворешно се одредува со истовремено постоење на различни видови на политичка култура, односно поединци со различни типови на оваа култура, а внатрешната со способноста на самите поединци да ги балансираат личните внатрешни противречности (на пример, потребата за активно политичко дејствување со потребата да се биде лојален на демократски избрана влада). Се разбира, оваа втора рамнотежа е многу потешка и претставува субјективен или психолошки квалитет на граѓанската политичка култура. Тој истакнува дека овој квалитет не се раѓа и не произлегува сам по себе, туку се развива, учи и ги формира процесите на политичка социјализација и образование.

Алмонд и Верба врз основа на нивните емпириски истражувања, забележуваат дека политичката култура во различни земји има несоодветности во структурата на политичката култура на поединци. Тие забележале дека во некои земји постои високо ниво на политичка компетентност (свест за можноста за лично влијание врз политиката) и релативно ниско реално влијание врз власта, бидејќи забележуваат дека

[29] Gabirel A. Almond, Sidney Verba, "The Civic Culture: political attitudes and democracy in five nations". Princeton, NJ: Princeton Unversity Press, 1963
[30] Vladimir Vujcic, "Tipologija politicke culture", Polit. misao, Vol XXXV, br. 4, 1998

постои развиена свест за обврската за политичко учество и релативно ниско ниво на реално учество. Тие се убедени дека овие две противречности во политичката култура на граѓаните можат да објаснат како демократската политичка култура може да работи за да ја одржува рамнотежа помеѓу потребната моќ на владејачката елита и нејзината одговорност (сензибилизираност) на потребите и барањата на граѓани. Податоците покажале (особено во САД и Велика Британија) дека субјективно компетентните граѓани (т.е. граѓаните кои се убедени дека можат да влијаат врз власта) честопати не влијаеле врз власта, но се чини дека таквите граѓани повеќе дејствувале отколку субјективно неактивни граѓани, односно граѓани кои не се чувствуваат компетентни да дејствуваат. Меѓутоа, важно е да се истакне дека оваа внатрешна рамнотежа помеѓу пасивноста и активноста на граѓаните може да се одржи само ако јазот помеѓу овие спротивности не е премногу голем. Ако вербата во сопственотот политичко влијание не се зајакнува од време на време, и може да се зајакне само со активно влијание врз владата, тогаш ова верување, како што велат Алмонд и Верба, ќе венее. Меѓутоа, ако јазот е премногу голем, тогаш не може да има балансирање на културата. Податоците покажуваат дека овој јаз помеѓу субјективната политичка компетентност и активното политичко дејствување е исто така присутен во САД и Британија, но е многу поголем во другите земји (Мексико, Италија и Германија). Во САД, 33% од оние кои сметаат дека можат да влијаат на локалните власти тоа и го прават, во Британија овој процент е 18, а во Мексико е најмал - само 9%. Затоа, јазот помеѓу перцепираното политичко влијание и вистинското влијание врз владата во Мексико е многу голем. Затоа мексиканската политичка култура во суштина е неурамнотежена култура. Тука, сепак, постои и проблем со критериуми за одредување на саканата рамнотежа. Имено, колкумина треба да имаат баланс помеѓу политичката компетентност и политичкото учество во демократско општество за да може да функционира стабилно и ефикасно? Според професорот Вујичиќ, Алмонд и Верба не кажуваат ништо за овој проблем, но анализата покажува дека постојат две главни карактеристики на граѓанската политичка култура: таа е мешан и избалансиран феномен. Граѓанската култура е проткаена со недоследности и потреба за балансирање на внатрешните противречности. И тоа е тешко да се постигне. Оваа способност за балансирање на спротивностите во граѓанската култура се учи. Токму оваа способност за „управување со различни улоги“, партиципативна и лојална, Алмонд и Верба ја идентификуват како главна компонента на граѓанската политичка култура. Со цел подобро разбирање на теоријата на Алмонд

и Верба за граѓанска политичка култура, без оглед на одредени празнини и нејаснотии, треба да се посочи дека за главната, скоро критериумска варијабла, тие ја означуваат политичката компетентност на граѓаните. Фреквенцијата со која граѓаните се сметаат себеси за „компетентни да учествуваат во политичкиот систем“ може да се земе како показател за степенот до кој тие ги сметаат своите нации за демократски. Компетентен граѓанин е самоуверен граѓанин. И самоуверен граѓанин е поверојатно да биде активен, да ја следи политиката, да зборува за политика; тој исто така, поверојатно е да се задоволи со улогата на учесникот и да има попозитивна ориентација кон политичкиот систем. Така, вербата во сопственото политичко влијание е, како што тврдат овие автори, клучна политичка позиција. Затоа, самоуверениот граѓанин се чини дека е демократски граѓанин. Овој граѓанин не само што мисли како да учествува во политиката и владата, туку и го прави тоа. Тој е и позадоволен и генерално полојален граѓанин, колку што е потенцијално партиципативна културата. Граѓанинот не е постојан следбеник, туку дејствува кога треба, а не кога не треба. Така, овозможува ефикасност на владата во државата, но и контрола на владата. Токму овој квалитет на граѓанската политичка култура, Алмонд и Верба го опишуваат како „резерва на влијание“[31]. Оваа резерва на влијание професорот Вујчиќ, тврди му овозможува на граѓанинот да не биде постојан учесник, туку да дејствува кога е потребно. Оваа „резерва на влијание” не само што има активирачка функција за политичкото дејствување на народот, туку има и функција за контрола на владејачките елити. И без механизми за контрола на владата, не е можно да се владее соодветно, односно демократски. Еден од механизмите на оваа контрола е во оваа „резерва на влијание“ кај граѓаните. Имено, ако владејачките елити сфатат дека граѓаните се политички компетентни, дека имаат силна „резерва на политичко влијание“, тогаш најверојатно ќе го земат предвид ова и ќе се обидат да ги усогласат овластувања со потребите и барањата на граѓаните. Владејачките елити јавно нема да кажат „ние имаме моќ, ние сме мнозинство, ние ги носиме одлуките, а вие во малцинство, можете да се согласите со тоа или да чекате да дојде на власт“[32]. Ова не води кон консензус и решавање проблеми, туку до политички цинизам и создавање конфликти и тензии што ја фрустрираат целокупната политичка клима.

[31] Gabirel A. Almond, Sidney Verba, “The Civic Culture: political attitudes and democracy in five nations”. Princeton, NJ: Princeton Unversity Press, 1963
[32] Vladimir Vujcic, “Tipologija politicke kulture”, Polit. misao, Vol XXXV, br. 4, 1998

## IV. Политичката култура и демократијата

Кога зборуваме за политика, зборуваме за поимот конфликт[33], било да е на ниво на општество - меѓу народите и државите, било да е во рамки на синдикатите, бизниси, семејства, цркви. Исто така имаме и конфликт во рамките на една личност – на пример дали да се оди на пливање или на риболов. Политиката е во врска со конфликтот и неговото решавање, а решавањето на судирот на интереси се јавува во сите општества, на сите нивоа .

Развојот на демократска партиципативна култура води кон благосостојба на луѓето и е е клучна за подигнување на нивото на секојдневната политика. Се' ова доколку навистина демократијата е моќта на народот.

Моќта и авторитетот честопати се спротивставуваат. Моќта подразбира доминација врз некого или некоја група, со насоки како и што да прави/ат, додека авторитетот произлегува од правилноста/правичноста од некое дејствие. Почитување на моќта е под притисок додека покорување на авторитети е доброволен чин. Иако се претпоставува дека се исклучуваат тие ретко се наоѓаат одделно еден од друг. Русо и неговите принципи дека со сила не може да се произведе моралност, но од друга страна мора да се натераат луѓето да го почитуваат законот бидејќи само така државата може да опстане.

Идеологијата од друга страна пак е систем на идеи, организиран околу обидот да се освои државната моќ или да се одржи. Идеологиите се системи на верување насочени околу државата. Преку објаснување на различните идеологии, се разгледува врската помеѓу политичките настани и однесувањето на луѓето кои се појавуваат како резултат на тие настани. Грахам и Хофман разликуваат:

Либерализам - либералите ја сметаат индивидуалната слобода - или слободата - како основна вредност, и иако слободата на една личност може да биде ограничена - затоа што се судира со слободата на другите или со други вредности - она што го дефинира либерализмот е претпоставка дека слободата е добра и пожелна работа, што значи дека ограничувањата на слободата мора да бидат оправдани.

---

[33] John Hoffman and and Paul Graham, Introduction to Political Theory, 3th edition, 2 Park Square, Milton Park, Abingdon, Oxon, OX14 4RN, 2015

Конзервативизмот е комбинација на либерализам и национализам, каде првото е особено доминантно. Конзервативците ја оспоруваат идејата дека општеството може да се испланира на рационален начин, без оглед на традицијата и историското искуство. Оваа суштинска идеја ги наведува да ги поддржуваат националните институции, но не и радикалниот национализам; индивидуална слобода против државната власт, но не и природните права што ги бранат многу либерали; спонтан поредок, но не и анархизам; заедница, но не и социјалистички колективизам.

Социјализмот како и феминизмот, поради различните форми во кои се јавува е тежок за дефинирање. Од една страна се зборува за социјална демократија или демократски социјализам кој преферира умерени класи, парламент, етички пожелна нација како целина додека, од друга страна е марксизам или научен социјализам кој во основа ги има работниците и нивните сојузници, работи на елиминирање на класите, а парламентот го смета за пречка за негово развивање.

Анархизмот е движење насочено кон отфрлање на каква било форма на принудни хиерархии и авторитети. Анархистите обично повикуваат на укинување на државата што по дефиниција ја сметаат за насилна, непотребна и штетна. Поради својот акцент на системската критика на економијата и општеството, се поврзува со социјализмот и антикапитализмот.

Национализмот за едни е ист со расизмот, но за други, националистичкото расположение создава солидарност и стабилност, кои се предуслови за слобода. Овие две перспективи имаат своите корени во историјата. Во својата најекстремна форма, национализмот бил, во сржта на геноцидните политики, но од друга страна тој исто така бил основа на ослободителните движења во Источна Европа, Африка и Азија. Предизвик за политичките теоретичари е да објаснат како “нацијата” може да биде извор на вредност и предмет на верност. Повеќето либерали - и либерализмот како доминантна идеологија на нашето време - сметаат дека индивидуалното човечко суштество е крајниот извор на вредност, а индивидуата има тврдења против колективните субјекти, како што е нацијата; многу социјалисти се колективисти, но за нив, класата или човештвото е целина, што остава можност за загриженост.

На фашистите се гледа како на луѓе кои дејствуваат на авторитарен начин и сакаат да им ги наметнат своите ставови и вредности на другите. Се поставува прашањето дали е движење од минатото, или може да се каже дека фашистичките движења сè уште

постојат и денес? Фашизмот е движење кое се обидува да воспостави диктатура на десницата (т.е. ултра-конзервативна позиција која го отфрла либерализмот и сè што е поврзано со левицата) и е против комунистите, социјалистите, синдикалците. Тоа е антилиберално, сметајќи ги либералните вредности како форма на декаденција и ги смета за отворање на поплавите кон социјалистичките, комунистичките и егалитарните движења.

Концептот на политичка култура еволуира низ векови преку „диспозициите“ на Платон, „духот на законите“ на Монтескје, „обичаите“ на Жан Жак Русо, „манирите“ на Дејвид Хјум, „навиките на срцето“ на Алексис де Токвил, „колективната свест“ на Емил Диркем и „авторитетот“ на Макс Вебер кои истовремено претставуваат и предходница на концептот за политичка култура. Во минатиот век многу американски професори почнуваат да зборуваат за тоа како „психолошка кохерентност“ на една култура може да влијае врз политика. Во студиите за политики во 1940-те години се повикува на проширување на опсегот на политичка истрага на овој феномен преку ослободување на културата од националниот карактер[34].

Терминот демократија потекнува од грчкиот збор демократија, или неговите корени демос (δημoz), што значи „народ“, и кратеин (κρατειν) што значи „да владеат“. Според тоа, демократијата е за разлика од автократијата и аристократијата, форма на владеење во која владеат луѓето.

Повеќето аналитичари сметаат дека атинската демократија (која се појавува околу 5 век п.н.е.) е првата демократија во историјата за која имаме доволно податоци за да можеме да ги анализираме. Овој тип на демократија се нарекува и класична демократија, бидејќи се состои од директно учество на граѓаните во управувањето со јавните работи на заедницата.

Директното учество во управувањето се одржува на собрание на кое присуствуваат сите возрасни атињани, при што гласот на секој граѓанин има еднаква вредност. Собранието носи одлуки поврзани со заедничките работи на атинската град-држава, а одлуките се обврзувачки за сите членови на таа заедница. Одлуките што ќе се донесат, се резултат на дебата на граѓаните и имаат директно влијание врз животот на сите членови на Атина, што всушност значи дека демосите владејат во вистинска смисла на

[34] Glen Gendzel, “Political Culture: Genealogy of a Concept”, San Jose State University, 1997

зборот. Нивото на политичка активност на граѓаните на Атина е единствено во светската историја во однос на зачестеноста на учеството на граѓаните. Сепак, во атинската демократија, на голем дел од населението му е ускратен статусот на демос, а со тоа и правото на владеење. Само возрасните слободни мажи со атинско потекло над 20 години имаат право да учествуваат во собранието, односно право да одлучуваат, што значи дека сите жени, робинки и слободни мажи имигранти се исклучени од можноста да владеат.

За разлика од атинската демократија, во модерните демократии правото на учество им се доделува на сите возрасни граѓани на политичка заедница без оглед на разликите што постојат меѓу нив, како што се, на пример, разликите во однос на полот, возраста, класата, имотната состојба, етничката припадност итн.

Друга важна разлика е што сите модерни демократии се претставнички. Ова значи дека граѓаните, демосот, не владеат директно, туку ги избираат своите претставници на кои им го делегираат правото да управуваат со најважните работи на заедницата во која живеат. Оваа промена се должи на фактот дека модерните држави се со милион жители и дека директно управување од страна на граѓаните би било невозможно во пракса. Кон ова треба да се додаде големиот територијален опсег на модерните држави. Овие два проблеми се одговорени со принципот на застапеност. Ова всушност значи дека сите модерни демократии се репрезентативни демократии, бидејќи луѓето во нив владеат индиректно, преку избор на оние што ќе ги претставуваат. Избраните претставници одлучуваат за најважните прашања и нивните одлуки се обврзувачки за целата заедница. Притоа, избраните претставници треба да ги претставуваат граѓаните избрани од нив, земајќи ги предвид нивните интереси. Фактот за постоење на периодични избори и можноста за промена на власта треба да ги поттикне претставниците да ги земат предвид интересите на демосот, а не нивните посебни, себични интереси. Затоа, управувањето со народите во претставничките демократии не се состои од директно управување, туку од контрола на избрани претставници.

Затоа, модерните демократии се карактеризираат со владеење на правото - принцип на законитост и дејствување според јасни и предвидливи процедури, без простор за произволна акција од страна на владата.

Во дискусиите за модерните демократии често можеме да откриеме дека овие демократии се нарекуваат либерални. Терминот либерал доаѓа од зборот слободи, што

значи „слободи“, така што либералната демократија значи форма на демократија која се базира на владеење на правото и заштита на одредени слободи на поединците.

Либералните демократии се појавија со спојување на две различни традиции, либерални и демократски, при што овие две традиции имаат различни основни вредности во нивната основа. Либералната традиција ја нагласува важноста на индивидуалните права и слободи, а суверенитетот на демократскиот народ еднаквоста на граѓаните. Демократската традиција произлегува од идејата дека највисокиот режим во политичката заедница треба да лежи во рацете на луѓето кои, директно или преку нивните претставници, одлучуваат за сите важни прашања. Либералната традиција се заснова на идејата дека, преку уставни и законски ограничувања, поединците треба да бидат заштитени од произволна употреба на моќ, дури и во случаи кога таа моќ произлегува од мнозинската волја на народот. Со цел да се спречи мнозинската волја да ги загрози правата на оние што остануваат во малцинството, демократскиот принцип е дополнет со принципот на задолжителна заштита на основните права и слободи на поединците. Ние ги означуваме модерните демократии, според тоа, со фразата либерална демократија, каде што демократскиот сегмент го нагласува суверенитетот и политичкото учество на граѓаните, а либералниот акцент е ставен на владеењето на правото и заштитата на правата и слободите на поединецот. Терминот либерал во фразата „либерална демократија“ не значи дека моќта во демократијата мора да ја следи политичката идеологија на либерализмот.

Постои уште еден модел на демократија, кој се обидува да ги поврзе демократијата и социјализмот. Тоа е социјалдемократија. Социјализмот, како еднопартиски, тоталитарен и недемократски, доживеа историски колапс и повеќе не е алтернатива на демократијата и плурализмот. Сегашниот концепт е социјалдемократија, која се состои во напорот за воведување на суштинските принципи на политичката демократија во општата, социјалната, а особено во производствената сфера, па затоа инсистира особено на демократските права на вработените, т.е. за работничката демократија и државата за благосостојба, која, со интервенција во пазарната економија и со примена на демократски процедури и прописи, ги следи основните човечки и морални вредности: слобода, еднаквост, правда и солидарност, а со тоа и благосостојба на сите граѓани. Слободата се сфаќа не само како перцепирана неопходност и усогласување на човечкиот живот со неа, туку како слобода од принуда (т.н. „слобода од“, негативна

слобода) и како слобода по сопствен избор помеѓу различни и најмалку две можности (т.е. наречен „слобода за“,. позитивна слобода). Овој слободен избор на поединецот тогаш е обврзувачки како должност и е ограничен само со еднаква таква слобода и права на другите.

Патем, Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од Француската револуција во 1789 година, ја прогласи слободата како природно човеково право, со еднаквост и сигурност. Политиката, демократијата и етиката ги потврдуваат и основните права и слободи на граѓаните: слобода на совест, собирање, здружување, говор, договор. Ова е токму она што го овозможува вистинската демократија, односно идејата или идеалниот тип на демократија, а со тоа и тесната и неопходна поврзаност на демократијата, човековите права и слобода. Обврска на владеењето на правото и неговата интервенција е да ги заштити слободите и правата на поединците и малцинствата (нивната приватност и имот) едни од други и од себе, т.е. злоупотреба на моќта, од насилен колективизам, популизам, итн. Имено, само вистинските човекови права ја прават човечката личност политички, правен и морален субјект, и како само одговорен субјект може да биде носител на обврски и должности, на овие им се гарантирани човекови права - претпоставка за индивидуална должност. Општо е прифатено дека основните права: вроденото право на живот, здравје и неповредливост и човековите слободи, произлегуваат од еднакво природно траење (раѓање и смрт), од преживување на човекот како човечко (природно и општествено) суштество, и оттука изведени и кодифицирани со позитивно законодавство во политичката заедница - како права на граѓаните, тие се заштита на човекот во неговите општествени и политички активности и животот воопшто.[35]

## V. Политичка социјализација и вредности

### 1. Општо за социјализација

Преку социјализација, поединецот стекнува не само знаења, вештини, навики, добива сложени особини и способности, туку и развива квалитети кои во суштина го разликуваат од другите. Постојат две групи на дефиниции за социјализација. Според потесната дефиниција, социјализацијата е стекнување знаења, вештини, мотиви и ставови кои се неопходни за извршување на сегашните и идните улоги на поединецот

[35] Nikola Skledar, “Politika, demokracija i etika”, 2017

во општеството, учење за тоа како да се однесува соодветно на сите други членови на општеството. Психолошките дефиниции за концептот на социјализација се пошироки и нагласуваат дека тоа не е само формирање на заеднички форми на однесување, туку и формирање на еден вид личност и процес со кој биолошката индивидуа се трансформира во биосоцијално суштество со одредени карактеристики и однесувања. Претставник на потесната дефиниција е Ерих Фром, кој значењето на социјализацијата го гледа во создавањето на потребата членовите на општеството да се стремат да го одржуваат и развиваат постоечкиот општествен систем. Но не секогаш резултат на социјализација мора да биде усвојување на сите однесувања како свои, бидејќи во спротивно нема да има развој и напредок на општеството. Затоа под социјализација се подразбираат и однесувањата кои се казнуваат и осудуваат од страна на општеството, бидејќи и тие се резултат на социјално учење, т.е. однесување постигнато со социјализација. Можеме да го наведеме како друго разбирање изедначувањето на поимот социјализација со процесот во кој членовите на општеството усвојуваат форми на однесување карактеристични за културата на која и припаѓаат. Ова разбирање се однесува на однесување каде што поединецот ги учи сите пожелни форми на однесување во одредена култура. Тука практично спаѓаат правилата за тоа како се јаде, одмара, односот кон други луѓе, толкување на светот околу себе, значи правила и сфаќања за одредена култура.

Никола Рот ја дефинира социјализацијата како процес на социјално учење преку кој поединецот стекнува општествено релевантни форми на однесување и се формира како личност со свои специфични карактеристики.

Секој член на општеството може да биде агент на социјализација или пренесувач на социјални перцепции за однесување. Честопати таквите агенси на социјализација се лица кои немаат намера да дејствуваат врз некого и свесно да го социјализираат, но сепак, најчесто тие се личности кои свесно дејствуваат врз формирањето на однесувањето на детето и со кои децата се во афективна врска - родители и наставниците. Агенти на социјализација можат да бидат и разни институции, училишта и средства за масовна комуникација.

Од друга страна, социолозите го користат терминот социјализација за да го објаснат однесувањето на членовите на различни општествени групи. Имено, за да постои наменско здружување и општеството да се одржува, потребно е да се усвојат

соодветни форми на однесување од страна на членовите на општеството или групата. Преку социјализацијата, социолозите ја објаснуваат релативната стабилност на општествените односи. Според нив, кај луѓето се формира состојба на општествена свест, или социјален карактер, што обезбедува стабилност на одредени општествени односи, формирање и обликување на чувства или желби на поединци, така што тие се во согласност со потребите на групата. Се чини неопходно е објаснувањата за ваквата социјализација да произлезат од психолошкиот аспект бидејќи токму психологијата учи дека социјализацијата значи и одредување зошто и како човек манифестира одредени форми однесување, како се јавуваат одредени чувства, пресуди, мотиви, ставови или особини. Иако социјализација опфаќа многу специфични форми на однесување, би било неоправдано да се изедначи со поимот културализација. Педагогијата ги користи и термините „културализација“ или „акултурација“ кои всушност се поими со потесен обем и содржина бидејќи оплеменувањето на човековото суштество како општествена единка го врзува за определена култура на определен простор и во определено време. Поимот социјализација е поширок поим и го означува генерално процесот на појава на човечкото општествено битие. Значи, таа смета дека е поважно да се определи дејството на одредени моменти од културата, дејството на одредени општествени фактори, а не специфичната содржина на културата.

## 2. Политичка социјализација

Политичкото однесување е научено однесување и факт е дека постепено се стекнува и менува. Како што вели Хајман[36], политиката не е ненадеен настан во животот на возрасните што е сосема различен од другите когнитивни процеси. Пред да наполни одредена возраст, поединецот легално се стекнува со право на глас и влегува во формалниот свет на политиката, но тоа не значи дека до тогаш е целосно аполитичен. Тој, исто така, има некои предиспозиции за политичко однесување - добива информации, ставови, стекнува навики итн. Затоа соработка помеѓу политиката и психологијата во областа на политичките науки дава големи можности. Врз основа на теории за учење и когнитивно-развојни теории, може да се промовирааат процеси кои водат кон развој на функционален граѓанин, чие однесување е соодветно во дадениот политички систем и што е во функција на одржување на неговата стабилност и

[36] Herbert H. Hyman, “Political socialization, A study in the psychology of political behavior”, Free Press, 1959

опстанок, или како парохиската политичка култура се претвора во граѓанска, односно култура на која можат да се потпрат институциите и практиките на демократското општество (Алмонд и Верба). Од друга страна, на психолозите им е дадена можноста да ја објаснат меѓузависноста на однесувањето на индивидуално и колективно ниво.

Според професорот Матиќ, пресудни за постоење на политичката култура се политичката традиција и политичката социјализација. Тој смета дека под политичка традиција не се подразбираат само големи политички и колективни случувања и процеси од минатото кои трајно се врежани во колективната свест на народите, туку и сите оние пошироки случувања кои посредно или непосредно имаат големо влијание врз заедничката егзистенција и самосвест, за идентитетот на поедини народи[37]. Според него политичката традиција е различна кај различните народите, но дополнително преку различни начини е рационализирана во согласност со општествениот развој, а некаде каде што се детектира како нужност може да е строго и санкционирана. На пример примитивните политички култури се одликуваат со силни и јаки врски со традицијата и нејзините форми. Цврстото држење на еден народ за прастари традиции може да значи дека долго време бил угнетуван и загрозен, па затоа имал потреба преку традицијата да ги зајакне своите вредности и зачува својот идентитет. За разлика од тоа се смета дека во демократските култури традицијата се ревалоризира согласно развојот и потребата на модерното. Затоа вели Матиќ дека поради овие причини, традицијата и политичката култура тешко можат да се наметнат однадвор бидејќи повеќе и припаѓаат на етиката и историјата на еден народ отколку на политиката. Обидите да се пресади нечија традиција и култура обично завршуваат со она што во медицината се користо како “отфрлање на туѓо тело”. Оттука и секоја политичка форма која не прозлегува од менталитетот на народот и не произлегува од традицијата векови, ризикува да биде неуспешна и отфрлена. За типот на политичката традиција важно е да се знае какви конфликти во тоа општество во минатото се случувале и дали биле причина за поделба на општеството на различни прашања. Во некои општества зборуваме за внатрешни конфликти, во самата заедница, а во некои за проблеми со други заедници. Професорот Матиќ смета дека внатрешните конфликти водат кон побрз демократски развој и созревање на политичката култура, посебно во јакнење на човековите слободи и права

[37] Можат да бидат и културни расколи, миграции, културни промени, кои во помала или поголема мера го пренасочуваат развојот на некоја заедница или останале значајни за нејзиното самоспознавање и колективно памтење.

како неопходни за демократијата, додека надворешните конфликти ја јакнат интеграцијата наспроти помалиот степен на лична слобода и независност. Критичкиот однос кон традицијата од аспект на иднината е важен предуслов за создавање на динамична и партиципативна политичка култура. Исто така според него важно е колкав е степенот на судири и конфликти, бидејќи оние земји кои поминале низ тешки и крвави судири, револуции тежнеат кон слобода и спремност за политичко учество, додека оние кои имале еволутивни разврски, компромиси во прв план даваат предност на автономијата, односно негативната слобода и независност на индивдуите и групите, односно либерална а не популистичка демократија. Во некои култури повеќе се фаворизира еднаквоста како општа демократска вредност, а во некои слободата пред еднаквоста.

Кога зборува за политичката социјализација, професорот Матиќ разликува спонтани и несвесни процеси и програмирани, насочени процеси (преку воспитување, образование). По Втората светска војна, по фашизмот, спроведени се многу истражувања за факторите кои влијаат на формирање на политички ориентации и ставови, посебно на т.н социјален карактер кој постои во едно општество. Една струја која се заснова на Фројдовото психоаналитично учење кажува дека најраните доживувања се важни за формирање на карактерот и однесувањата, посебно во рамки на семејството. Во тој правец многу се важни истражувањата на Ерих Фром за авторитативните личности, односно влијанието на патријахалните семејства и авторитативната улога на таткото (олицетворение на апсолутна власт), кои подоцна водат кон тоа да детето е склоно кон прифаќање и следење на диктатори и силни политички фигури како и покорност спрема носителите на власт. Во делата на Ерих Фром, политичката социјализација (посебно негативната која произлегува од фашизмот и Хитлер), се проучува со комбинација на индивидуалната психологија на Фројд и социологијата, односно се прави обид за примена на фројдовите погледи на социјална карактерологија и политичкото однесување на луѓето. Значи предмет на проучување се социјалната и лична суета, комплексите на лидер и типични припадници на поедини општествени слоеви, карактерни и психолошки абнормалности и фиксации само кон една страна од животот (материјалната), запоставување на духовноста, политичка зависност и безвлијателност, мала социјабилност и неспособност за рамномерна соработка, психолошка и морална незрелост, неемпатичност, неоствареност и егзистенцијална празнина на личноста

итн. И други истражувања говорат дека постепената акумулација на негативни сентименти ии фрустрации кај германскиот народ, како резултат на заостанувањето во политичкиот и економскиот развој во 19 век па натаму, катастрофалните последици од економската криза од 30 години на 20 век, доведуваат до продор на екстремистички и регресивни фашистички идеологии кои го загрозуваат и самиот опстанок на демократскиот поредок и слободно човештво. Со културниот пад во услови на силна политичка регресија која настанува како резултат на долготрајна негативна политичка социјализација и труење на политичката свест на народот, се објаснува раѓањето на диктаторски системи и различни форми на деградација на луѓето и цели народи, се јакнат тоталитарни системи во модерната историја кои со своето силно влијание делуваат изненадувачки врз цивилизациски развиените народи и држави.

Луѓето се воведуваат во политичката култура на нивната нација преку процесот на политичка социјализација. Парсонс[38] тврди дека семејствата имаат важна улога за поединците и за општеството во одржувањето на луѓето стабилни, додека образованието како секундарен чинител на социјализација е мост помеѓу семејството и општеството. Парсонс верува дека образованието влева конкуренција, еднаквост и индивидуализам.

Затоа е важно да се земе предвид дека политичката социјализација е посебен вид на политичко учење при што луѓето развиваат ставови, вредности, верувања, мислења и однесувања кои ги прават добри граѓани во општеството. Социјализацијата е во голема мерка еднонасочен процес преку кој младите луѓе добиваат разбирање за политичкиот свет преку нивната интеракција со возрасните и медиумите.[39] Во таа смисла социјализацијата воспоставува основни норми на однесување кои овозможуваат предвидливост во идните социјални интеракции. Во процесот на социјализација, индивидуата се става во општеството како целина, а политичката социјализација го сместува поединецот во одредена политичка култура. Политичката социјализација гледана од перспектива на политичката култура ја цитира политичката сфера како одделена од другите социјални структури.

[38] Camelia Florela Voinea, Martin Neumann, "Political culture: a theory in search for methodology", Springer Nature B.V. 2019
[39] Lance, Bennett W. (1980) "American government and politics in the information age", New York: Harcourt Brace Jovanovich, 1980, достапно на tinyurl.com/uz798t2k, пристапено на 13.04.2021

Општествените норми, вредности и стандарди се трансформираат во лични убедувања, ставови и начини на оценување, кои не се наметнуваат со никаква надворешна принуда, туку се препишуваат од лични мотиви, желби и интереси.

Алмонд и Верба ја дефинираат политичката култура како политички ориентации - ставови кон политичкиот систем, како и ставови кон улогата на индивидуата во системот. Критиката на нивното дело е дека ја нема можноста за користење на политичката култура во објаснувањето на односот помеѓу видот на политичката култура и демократијата[40]. Но и тие сметаат дека анализата на политичката култура мора да се базира на следните четири елементи:

1. анализа на промени, револуции, верски движења, конфликти;

2. анализа на институционални и идеолошки норми, анализа на очекувањата, како и системските барања;

3. анализа на економските и социјалните состојби поврзани со демократските барања;

4. анализа на структурата на личноста, која ја претставува субјективната страна на политичка култура.

Вредностите се различни во различни култури и општества. Тие се длабоко вкоренети во политичката култура на општеството, затоа тешко и се менуваат. Се вели дека економската трансформација во Југоисточна Европа била полесна отколку политичката. Многумина се согласуваат дека многу потешки прашања се оние на политичката стабилност, почитувањето на човековите и малцинските права, независноста на судството, регуларноста на изборите. Во сите овие области се’ уште постои корупција, користење на национализмот за политички цели, непочитување на демократските процедури. Секојдневие во нашата држава е примерот за клиентелизмот односно поставување на лица на одредени позиции не врз основа на неговата или нејзината способност, туку врз основа на лојалноста кон партијата.

## VI. Граѓански активизам

[40] Здравко Савески, “Критичка анализа на концептуализацијата на политичката култура на Г. Алмонд и С. Верба”, Годишник за 2007 година на Институтот за социолошки и политичкоправни истражувања, Скопје: ИСППИ, 2008

Согласно учењата на многу автори граѓанскиот активизам е темел на демократијата. Неподготвеноста за граѓанско учество, или партиципација, е спротивно на идејата за демократија, која се заснова на активно граѓанство. Демократијата како владеење на народот, во која било форма, е незамислива без вклучување на граѓаните. Освен тоа, апатичните граѓани не се неполитички граѓани, тие се граѓани кои ги оставаат работите такви какви што се. Проблемите на општеството во кое живееме нема да се решат со откажување и пасивност, туку само со учество и трансформација на политиката на начин што ќе ни овозможи ефективно да ги обликуваме и организираме нашите животи. Со учество во процесот на донесување одлуки што влијае на нашите животи, учиме како да станеме подобри граѓани. Многу е важно да бидеме свесни дека донесените одлуки нема секогаш да бидат во согласност со нашите индивидуални желби затоа што се донесени во корист на мнозинството преку заеднички процес на донесување одлуки. Учеството во модерните демократии претпоставува дека граѓаните имаат надлежности, односно знаење, способности или вештини и вредности или ставови за донесување одлуки за социјалната и политичката заедница. Односно, дека граѓаните се политички писмени. Кризата на модерните демократии се манифестира во намалениот одзив на граѓаните на изборите и слабеење на довербата на граѓаните во политичките претставници и институции. За да функционира демократскиот систем, потребно е граѓаните да имаат барем одреден степен на доверба во институциите бидејќи тоа резултира со поддршка јавни политики и поголемо учество во изборите[41].

Во прирачникот за политичка писменост, авторите ја делат демократијата на:

1. Партиципативната демократија се манифестира во проширување на демократскиот принцип на сите сфери на животот во која се донесуваат колективни одлуки и вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Учеството може да биде конвенционално (традиционално и граѓанско) и неконвенционално (преку протест). Предизвиците на партиципативната демократија се: тешкотии во одржувањето на континуитетот на јавните политики и сложеност на процесот и времетраење на донесувањето одлуки.

2. Делиберативната демократија го става фокусот на процесот на размислување, дебати, расправи, дискусии преку што се обезбедуваат предлози за решавањето на

[41] Berto Šalaj, Dražen Hoffmann, Tanja Javorina, Martina Horvat, “GRAĐANIN, A NE PODANIK!GRAĐANKA, A NE PODANICA!Politička pismenost: od klasične do suvremene demokracije” Edukacija za građansku pismenost GONG-a, 2017, достапно на shorturl.at/egB17, пристапено на 15.08.2021.

колективните проблеми. Одлуки за јавните работи се носат преку дискусијата на граѓаните со подготвеност да се соочи со аргументи и преиспитување на сопствената позиција. Акцентот се става на претпазливоста во изборот на одлуките.

3. Асоцијативна демократија ги поставува граѓанските организации како централни актери за колективно решавање на проблемите. Здруженијата се вклучени во централни менаџерски задачи: креирање политики, координација на економските активности и мониторинг, администрација и спроведување.

4. Директната или индиректната демократија е форма на демократија во која луѓето директно одлучуваат за општествено преку политички иницијативи, наспроти претставничката демократија во која луѓето гласаат за носителите на одлуки. Директната демократија го намалува јазот помеѓу субјектот на демократијата и постапката на демократијата. Во моделот на директна демократија, одлуките ги донесуваат сите присутни, дебатата е основа за донесување одлуки, се поттикнува подобра информираност, поединците се охрабруваат да се ангажираат околу прашања што се важни за целата заедница, нема лидери и не постои пристрасност бидејќи одлуките ги носи секој, одлуките се донесуваат по волја на мнозинство и според интересот на мнозинството, а не на индивидуалните лидери, секој има одговорност во донесувањето одлуки, но и во спроведувањето на одлуката, моќта на одлучување и управување се враќа во рацете на целата заедница. Овој модел практикува демократско одлучувањето во различни нивоа и во различни институции, при што особено се интересни каналите за директно вклучување во одлучувањето во училиштата.

## 1. Носители на политичката култура

Во модерните демократски општества, се разликуваат два основни пристапи за разбирање на граѓанството. Според првото разбирање, државјанството подразбира правен статус, а според второто, поважно за функционирањето на демократијата, граѓанството се подразбира како политичка улога. Разбирањето на државјанството како статус датира од римското право и традиција, каде што државјанството првенствено се подразбира како правен статус врз основа на кој поседуваме одредени права. Традицијата на римското право ни е пренесена преку филозофијата на класичниот либерализам, според која државјанство значи статус врз основа на кој ги поседуваме правата што ни ги гарантира државата. Овој правен статус е регулиран со

националното законодавство, најчесто со уставот на одделни држави во кои се наведени правата на граѓаните, но и со некои меѓународни документи.

Само преку активно граѓанско застапување можеме да учествуваме во заштитата на правата и процесите на донесување одлуки. Самото имање на правата не е доволно, без можноста тие права и да се остварат. Затоа и се вели дека во модерните демократски општества разликата меѓу граѓаните и поданиците не е поседување на права, бидејќи формално сите возрасни луѓе имаат права, туку разликата лежи во способноста и подготвеноста да се вклучат во процеси на критичко дејствија наспроти одлуките на политичката моќ како и во дискутирањето на јавните прашања. Демократскиот принцип претпоставува дека сите поединци од кои зависи колективна одлука треба да имаат еднакви можности да влијаат врз таа одлука. За овој принцип да биде ефективен, поединците мора да имаат право да учествуваат во колективното одлучување. Покрај правата, поединците мора да имаат способност и капацитет да донесуваат автономни одлуки за одредени прашања, односно мора да имаат услови да практикуваат активно граѓанство. Формалното постоење на права, иако многу важно, всушност има мала вредност доколку недостасува нивното автентично уживање. Во современите демократски политички системи, граѓаните имаат на располагање голем број уставни слободи и права (слобода на мислење, слобода на изразување, слобода на здружување итн.) преку кои можат да се обидат да влијаат врз политичките процеси во заедницата. Современите демократии не се населени со субјекти кои немаат права и во чие име одлучува некој друг, туку граѓани кои сами одлучуваат за својата судбина.

## 2. Видови граѓанско учество

### Избори

Позната и најчесто споменувана форма на практикување на активно граѓанство во модерните демократии се изборите. Изборите се процес преку кој луѓето ја доверуваат политичка моќ на претставничко тело.[42]

Важноста на изборите во модерните демократии произлегува од веќе споменатиот факт дека тие се репрезентативни демократии. Самиот чин на избор е многу важен затоа

[42] локално, регионално, национално, наднационално - на пр. иљзбори за Европскиот парламент

што граѓаните им го доверуваат правото на претставниците да управуваат со општеството во одреден период.

Една од клучните карактеристики на модерните демократии е постоењето на конкурентни избори, што значи дека гласачите имаат можност и слобода да избираат помеѓу повеќе кандидати. Демократските конкурентни избори се важни затоа што ја легитимираат политичката моќ и политичкиот систем, односно создаваат доверба на граѓаните во системот и во исто време служат како контрола на моќта. Изборите може да се гледаат како модел или начин преку кој се формираат владините институции. Тие технички можат да се случат на различни начини, во зависност од законите на поединечните држави, и заедничко за сите демократии е дека изборите ги водат политичките раководства на државата, дека постојат регулирани изборни правила што им овозможуваат на сите кандидати еднаков третман и дека изборите се тајни и бесплатни. Изборниот систем е она што се разликува од земја до земја. Изборните системи се разликуваат според поделбата на изборни единици, според начинот на гласање, според начинот на претворање на гласовите во мандати, според политички систем итн. Граѓаните можат да учествуваат во набљудувањето на изборите (партиски и непартиски набљудувачи), со што придонесуваат за контрола и транспарентност на процесот и зајакнување на довербата на јавноста во изборниот процес. Со евидентирање и пријавување случаи на можна изборна измама, набљудувачите влијаат врз усогласеноста со законската рамка и спречувањето на можна изборна манипулација.

**Референдуми и граѓански иницијативи**

Која е улогата на граѓаните откако ќе завршат изборите? Некои теоретичари, но и политичари, веруваат дека гласањето на избори треба да биде единствениот начин за учество на граѓаните во управувањето со заедницата. Според ова гледиште, откако ќе завршат изборите, граѓаните треба да се повлечат до наредните избори. И повторно како причина се наведува нивната политичка некомпетентност посебно кога станува збор за сложени политички прашања и проблеми. Меѓутоа, ако некој смета дека гласачите не се способни да одлучуваат за политички важни прашања, зошто да веруваат во нивниот избор? Граѓаните можат да прават грешки при изборот и донесувањето одлуки исто колку што можат тоа го можат и експертите и

претставниците на политичката елита. Демократијата се заснова на вредноста дека секој што е засегнат од одлуката треба да учествува во нејзиното одлучување.

Денес, повеќето демократии го прифаќаат ставот дека изборите се само една важна форма на граѓанско учество. Повеќето демократии се обидуваат да ја прошират можноста за учество на граѓаните во политичкиот живот, па затоа сме сведоци на почеста употреба на елементи на директна, партиципативна демократија. Ова првенствено се однесува на референдуми и граѓански иницијативи. Во случај на референдум, граѓаните гласаат директно за одредено прашање, а потоа политичарите, најчесто, мора строго да се придржуваат до одлуката што ја изгласале граѓаните. Граѓанските иницијативи се иницирани од самите граѓани, кои се обидуваат да посочат одредени социјални и политички проблеми и да влијаат врз одлуките на владата.

**Протест**

Протестот се однесува на намерно и јавно политичко учество на група или организација, многу ретко поединци, што има тенденција да влијае врз политичка одлука или политички процес за кој веруваат дека може да има негативни последици за нивната група или заедницата во целина. Главните форми вклучуваат петиции, штрајкови, протести, демонстрации, граѓанска непослушност, политички конзумеризам итн.

Собирањето потписи за петиции е форма на акција во која граѓаните одговараат на повикот на организаторите на петицијата да соберат поддршка за барање на неформален начин. Петициите не се толку обврзувачки како успешните иницијативи за референдум и затоа немаат доволен број потписи. Но, петициите што стануваат доволно видливи и поддржани од голем број луѓе можат да бидат видливи и да не можат лесно да се игнорираат од страна на донесувачите на одлуки.

Јавните собири, протести и демонстрации се легитимни форми на собирање на граѓани за да се изрази незадоволство од некои најавени или спроведени мерки на владата, или да се изрази поддршка за некоја цел. Протестите се јавни настани кои се случуваат околу одредено барање или идеја изразена во форма на централна изјава, која потоа дополнително се артикулира и добива видливост преку масата на собраните и пораките што ги испраќаат - и затоа, покрај централната порака, протестите честопати се опремени со транспаренти и мегафони. Протестите се само навидум радикални потези

на граѓаните-во демократска рамка, протестите се генерално ненасилни, организирани, ограничени на однапред објавени области и пријавени во полиција, во согласност со важечките процедури. Поимот граѓанска непослушност се јавуваат кога властите јасно ги игнорираат барањата на граѓаните и опстојуваат во одлуките што значителен дел од јавноста ги смета за штетни. Граѓанската непослушност вклучува отпор кон постапките на оние што се на власт на начин што ја принудува владата да избере дали ќе се повлече или ќе дејствува на начин што ќе ја компромитира ако дејствува репресивно против граѓаните. Тактиката на граѓанска непослушност е исто така легитимно средство за демократска борба, но до тој степен што непослушноста се изразува ненасилно и без да ги загрозува другите. Најчесто, ваквите ситуации се придружени со апел од организаторите до во случај на репресивни мерки, се нуди само пасивен отпор, без конфликт со полицијата и без да се загрози нечиј имот или безбедност. Политичкиот конзумеризам е форма на политичко учество на граѓаните во која тие својот избор на одредени производи и производители го темелат на политички и / морални причини.

Граѓанско општество е исто така дел од видовите на граѓанско учество, но поради важноста ќе биде објаснет во посебна глава.

## 3. Граѓанското општество

Терминот „граѓанско“ или „цивилно општество“ се појавува во либералната и либерално-демократската теорија од 17 век (преку 18 и првата половина на 19 век), во контекст на дискурсот на раздвојување на државата од општеството[43]. Теоријата за граѓанското општество е обновена и особено развиена на Запад поради тоа што уставната демократија и владеењето на правото бараат за нивно зачувување и унапредување - освен уставно загарантираната универзална еднаквост и институционалните механизми за поделба и контрола на власта - и контрола /партнерство / критичната улога на граѓанското општество. Граѓанското општество е простор за доброволно здружување на граѓани кои на тој начин се стремат да постигнат различни цели (политички, економски, културни, образовни, спортски, итн.). Затоа, граѓанските организации имаат многу различни цели, но сите тие опфаќаат

[43] Неолиберализмот, граѓанското општество го подразбира како продолжена рака на државата во извршувањето на задачите на т.н. „третиот сектор “- услуги за граѓаните, и дополнително како хуманитарна работа на доброволна основа (хуманитарна помош, донации).

област во која граѓаните можат да ги изразат своите желби, потреби и интереси, и со тоа да придонесат за практикување на активно граѓанство.

Будењето на граѓанското општество е под влијание на кризите на легитимитет, на либерални поредоци во развиените западни земји (на пример нафтената и економската криза, војната во Виетнам, криза на вредности со последователна појава на нови општествени движења-еколошка, антивоена, анти-нуклеарна, феминистички, како и движења за еднакви човекови права)[44]. Обновата на практикување на граѓанското општество е исто така под силно влијание на раѓањето на дискурсот на граѓанското општество во реалните социјалистички земји од Централна Европа и неговата употреба во борбата за соборување на авторитарните режими, т.е. во борбата за воспоставување уставни демократии.

Граѓанското општество се заснова на принципите на автономија, асоцијативност и публицитет. Принципот на автономија се однесува на автономно, доброволно, спонтано нагласување на граѓански идентитет; принципот на асоцијативност е поврзан со самоорганизирање на граѓаните и асоцијативна акција врз основа на спонтано здружување - во форма на граѓански иницијативи, социјални движења, НВО - проблеми во заедницата и со цел нивно решавање со притисок врз владата, развивање критични јавни, конкретни придонеси на самоорганизирани групи; принципот на публицитет се однесува на јавноста и медиумите за откривање проблеми и цели на активности и конкретни акции на самоорганизирани актери на граѓанското општество со цел самостојно решавање на проблемите, преку притисок врз владата, како и со помош на владата. Граѓанското општество го претставува активизмот на граѓаните во вонинституционалната политика.

Со други зборови, дискурсот и практиката на граѓанското општество се однесуваат на полето на политиката во поширока смисла. Граѓанското општество - како поле на политиката во поширока смисла - е механизам за контрола во однос на политиката во потесна смисла - активностите на државните органи, носители на политичка моќ, политичка партии и во владата и во опозицијата.

Граѓанското општество има функција да ги мобилизира граѓаните за да ги бранат личните, политичките и социјалните права, водени од вредностите на слободата,

[44] Dragica Vujadinović, "Civilno društvo i politička kultura" FILOZOFSKA ISTRAŽIVANJA 109 God. 2008

еднаквоста, правдата, а во врска со развојот на демократска политичка култура на солидарност, космополитизам, плурализам, толеранција, ненасилство, хуманитаризам. Најважните претпоставки за постоењето на граѓанското општество се: 1. владеење на правото; 2. гарантирани основни граѓански, политички и социо-економски права и слободи; 3. процедурални демократски правила и институции; 4. пазарна економија и приватна сопственост; 5. демократска политичка култура; 6. учество на граѓаните, активизам во креирање критична јавност и самоорганизација за одбрана на загрозените права. Односот помеѓу државата и граѓанското општество подразбира дека без добро организирана држава нема гаранции за правата што овозможуваат функционирање на граѓанското општество. Од друга страна, граѓанскиот сектор е постојан потенцијал критика на секој евентуален обид на државата да се претвори во доминантна сила.

Вредносната дефиниција на граѓанското општество е во суштина поврзана со терминот „демократска политичка култура “. Развојот на демократската политичка култура е од суштинско значење за развојот на граѓанското општество. Спротивно на тоа, присуство на авторитарна или недемократските политички култури се едни од најзначајните пречки за развој на граѓанското општество. Врската е реципрочна, но не исклучиво реципрочно зависна. Врз развојот на граѓанското општество влијаат и економскиот просперитет, унапредување на законодавството, меѓународно влијание, но и внатрешните капацитети на самото цивилно општество. Тука спаѓаат промовирањето на културата на човекови права, прогресивни иницијативи, стимулирање на социјална саморефлексија, притисок врз медиумите, јавна свест, едукација на младите луѓе, судството, полиција. Сите овие компоненти влијаат врз квалитетот на вредностите ориентации на населението, нивните ставови и колективна меморија, демократското политичко учество односно развој на демократската политичка култура.

Од друга страна, промовирање на развојот на демократска политичка култура (под влијание на медиумите, образование, промени во семејството и во видот на воспитување, култура воопшто, јавната свест, дејствување на различни елити, отвореност за влијанија од меѓународната средина), претставува плодна почва за развој на автономен тип на личност, граѓански идентитет и на тој начин за развој на граѓанското општество. Клучното влијание врз развојот или неразвивањето на граѓанското општество имаат: квалитетот на политичката култура, како и факторот на квалитетот на политичките институции, квалитетот на законодавството, начинот на кој

се толкува културно-историското наследството, начинот на кој функционираат елитите и како се формира јавното мислење, начинот на кој е структурирано семејството, воспитувањето и образованииот систем. Доминантниот тип на личност, доминантниот тип на вредносни ориентации и нормативни модели, типот на преовладувачкиот општествен менталитет ја претставува врската помеѓу полето на граѓанското општество и областа на политичката култура, во смисла на квалитетот и развојот на граѓанското општество и политичката култура, како и во однос на влијанието врз развојот на демократските или антидемократски капацитет и на индивидуите и на социјалните групи. Политичката култура дејствува не само во областа на политиката во најширока смисла, туку и во областа на политиката во потесна смисла - во рамките на активностите на политичките партии, политичките елити.

## VII. Методологија на истражувањето

Овој магистерски труд не само што има теоретски пристап на истражување, односно се поставува проблемот на истражување и се образложува, туку се анализира и во контекст на политичката култура во државата со лоцирање на можни решенија. Покрај истакнатите основни теориски рамки за проблемот на проучување, цитирањето и парафразирањето на туѓите мислења, моето видување на проблемот се разложува и низ поимите граѓанска култура на Алмонд и Верба. За потребите на истражувањето ја користев и анализата на претходни истражувања на постоење и дефиниција на политичката култура во РСМ, компаративни примери и мултикултурализмот.

Методолошкиот пристап е мешан, квалитативно-квантитативен и ќе го користам за анализа на содржини и анализа на анкетен прашалник. Исто така споредбено ќе се повикам и на истражувања за политичката култура во земјава направени од други институции во изминатиот период.

Типологијата на политичката култура дадена од Алмонд и Верба, како и од други автори ќе послужи за анализа и мапирање на политичката култура на една нација или различни социјални групи во рамките на една иста нација, но и за компаративни анализи на меѓународните политички култури.

Истражувањето го спроведов со анонимен анкетен прашалник наменет за општата популација, кој е од анонимен карактер и содржи 22 прашања од кои на 15 прашања испитаниците имаа можност да одберат една од трите понудени опции за одговор (НЕ,

ДЕЛУМНО, ДА) или (ДА, НЕ, НЕ ЗНАМ, ДРУГО), додека на 7 да остават краток одговор. Анкетниот прашалник беше пополнет од страна на 128 испитаници.

## VIII. Методи

### 1. Истражувачки прашања

1. Возраст, пол, место на живеење, националност и највисоко завршено образование
2. Дали сте член на политичка партија?
2. Дали демократијата е најдобар политички систем?
3. Дали сте за револуционерни начини за општествени промени?
4. Дали знаете што значи поимот политичка култура?
5. Каква политичка култура има во Македонија?
6. Дали политичката култура влијае врз развојот, стабилноста и демократијата во РСМ?
7. Политиката има важна улога во мојот живот?
8. Општествените проблеми се решаваат најдобро преку?
9. Што за вас претставува идеален политичар?
10. Дали имате доверба во институциите на политичкиот систем и во кои?
11. Дали некогаш сте присуствувале на јавен собир?
12. Дали некогаш сте присуствувале на демонстрации?
13. Дали до сега сте учествувале на штрајк на работното место?
14. Дали до сега сте поднеле приговор до некоја државна институција?
15. Дали сте волонтирале во некоја организација од било каков тип?
16. Дали некогаш имате потпишано петиција/граѓанска иницијатива?

### 2. Квантитативна анализа

Општо е познато дека може да се мери само она за кое постои друштвено сознание или она со чие мерење може да се дојде до општествено сознание[45]. Кога се разгледуваат вредносните судови, потребно е да се направи разлика помеѓу судовите за вредностите

[45] Никола В. Димитров Елизабета Митрева Мимоза Серафимова, МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА, 2017, достапно на УРЛ shorturl.at/arKYZ, пристапено на 01.08.2021

и судовите врз основа на вредностите. Вредностите не може да се сметаат како чисто субјективни, не се целосно објективни, но се во одредено единството на природната и социјалната реалност во односите на субјект-објект-субјект и субјект-субјект. Нивото на зависност на духовно-емоционалните формации наречени вредности од другите форми на општествена реалност се различни и условени од нивната улога во општествениот живот. Шушниќ објаснувајќи ја методологијата на научно истражувачката работа, вели дека интересите - потребите, желбите, страстите, системите на вредности, се призмата низ која го гледаме светот околу себе и во себе. Како научникот може да се ослободи од интересите и страстите кога интересот или страста за познавањето на вистината е еден од најсилните мотиви на неговата работа и живот? Сликите на светот на одредени социјални групи се силно обоени од нивните специфични интереси, потреби и желби. Реалноста е за нив ирелевантна, онаква како тие ја гледаат, а не она што е сама посебе, бидејќи не можат поинаку да ја осознаат. Појавите може да постојат независно од свеста, но исказите за појавите и нивните односи, без разлика дали се вистинити или невистинити, не може да постојат независно од сознајната свест. Факторите кои влијаат при изборот на методите за анкетирање се: а) покриеноста на популацијата; б) пристапот до испитаниците; в) карактерот и бројот на прашањата; г) способноста и желбата на испитаниците да одговараат на поставените прашања; д) стапката на одговор (response rate); ѓ) ресурсите; е) времето; ж) трошоците; з) луѓето ангажирани за реализација. Во услови на корона пандемија, прашалникот беше споделен преку емаил адреси и споделен како линк не само до општата популација туку и до подмладоци на политички партии и претставници на Собранието на РСМ. Исто така го споделив и со повеќе рурални и градски средини низ целата територија и опфатив повеќе старосни групи и припадници на заедниците.

## Демографски податоци

Првиот дел од анкетниот прашалник зборува за демографските податоци и тоа оние кои се основни, како што се возраст, пол, место на живеење како задолжителни прашања и националноста која е оставена како незадолжително да се одговори. Не се понудени одговори, туку се очекуваше од испитаниците самите да ги напишат бараните информации.

Во анкетниот прашалник првото прашање се однесува на возраста. Прашањето го одговориле 123 испитаници и добиени се следниве резултати: 17 испитаници се на возраст помеѓу 20 и 30 години, 40 испитаници се на возраст помеѓу 30 – 40, најмногу

одговори има од испитаници кои се од 40 до 50 возраст, и само 4 испитаници над 60 години и тоа со по 1 испитаник од 61, 63, 68 и 70 години.

| *Табела 1:* ***Возраст (години)*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **20 – 30** | **30 – 40** | **40 – 50** | **50 – 60** | **60 - 70** | **ВКУПНО** |
| 17 | 40 | 46 | 16 | 4 | 123 |
| 14 % | 33 % | 37 % | 13 % | 3 % | 100% |




Графикон 1

Во однос на полот, најмногу испитаници има од женски пол, 75, додека 45 испитаници се изјасниле дека се од машки пол и едно лице би-родово.

| *Табела 2:* **Пол** | | | |
|---|---|---|---|
| Машки | Женски | Би | **ВКУПНО** |
| 45 | 75 | 1 | 121 |
| 37% | 62% | 1% | 100% |



Графикон 2

Третото прашање се однесуваше на местото на живеење и голем процент од испитаниците и од секоја возрасна група се од Скопје, 85 %, но има и од помали градови и рурални средини по 1 испитаник, на пример од селата Сланско/Македонски Брод, Ново Село и Муртино/Струмица, Облешево/Кочани.

| *Табела 3:* **Место на живеење** | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Тетово | Кичево | Струга | Струмица | С.Облешево | С.Сланско | Прилеп | С.Муртино | С. Ново село | Велес | Штип | Крушево | Свети Николе | Вкупно |
| 106 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 124 |
| 85% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 1% | 2% | 1% | 1% | 1% | 2% | 1% | 1% | 100% |

Следното прашање во анкетниот прашалник беше за највисок степен на завршено образование, каде најголем број испитаници, 69 (55,2%) одговориле дека се со високо образование, 28 испитаници (22,4%) се со завршени мастерски студии, 21 испитаник (16,8%) се со средно образование, 4 (3,2%) се со докторски студии и 3 (2,4%) испитаници се со вишо образование.

| *Табела 4:* **Највисок степен на образование** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | Више | Високо | Мастер студии | Докторски | Вкупно |
| 21 | 3 | 69 | 28 | 4 | 125 |
| 16,8% | 2,4% | 55,2% | 22,4% | 3,2% | 100% |




Графикон 3

Следното прашање се однесува на работниот статус, при што најголем број од испитаниците, 105 се вработени, додека само 16 се пријавиле како невработени и 3 пензионери и еден студент.

| *Табела 5:* **Работен статус** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вработен/а | Невработен/а | Студент/ка | Пензионер/ка | Вкупно |
| 105 | 16 | 1 | 3 | 125 |
| 50% | 42% | 1% | 7% | 100% |




Графикон 4

Во однос на прашањето за националноста, вкупно одговориле 124 испитаници од кои 107 напишале дека се македонци, 11 дека се со албанска националност. Меѓу испитаниците нема претставник од ромската популација.

| *Табела 6:* **Националност** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонец/к | Албанец/к | Србин/к | Бошњак/чк | Турчинк/к | Влав/инк | Вкупн |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| а | а | а | а | а | а | о |
| 107 | 11 | 2 | 1 | 2 | 2 | 124 |
| 85% | 9% | 1% | 1% | 2% | 2% | 100% |




Графикон 5

Иако примерокот беше испратен до припадници на сите етнички заедници кои живеат во Македонија, не се доби одговор од сите, поради што примерокот не е целосно репрезентативен. Истото се однесува и на испитаниците со завршено средно образование и без образование. Причините за отсуство на одговори според мене се должи на резервираноста на испитаниците да одговорат на дадените прашања пред се' поради негативната перцепција за политиката, но и на рамнодушноста и апатија кон политичките теми. Оваа причина согласно истражувањето покажа дека е обратно пропорционална со нивото на образование на испитаниците. Иако беше оставен доволен број на денови и беше нагласена анонимноста на одговорите, испитаниците во голема мера анкетниот прашалник не го одговорија. Кон нерепрезентативост на примерокот придонесе според мене и високиот степен на политизација на општеството, посебно во разграничување на она што е политички став и личните релации. Како дополнителна причина е и недовербата во анкети/истражувања за јавно мислење, посебно во резултатите и заклучоците кои треба не само да доведат до некакви промени туку и да влијаат на јавното мислење. Не помалку важно е и размислувањето на граѓаните кои ги очекуваат само резултатите од политичките

процеси, но немаат чувство, знаење и одговорност да учествуваат во истите. И неодговарањето на анкетниот прашалник говори за постоење на непартиципативна политичка култура која иако му дава можност на поединецот да ја искористи, тој тоа не го прави.

**Одговори на испитаниците**

Петтото прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали сте член на политичка партија?

Прашањето го одговориле 127 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) НЕ, одговориле 32 (25,2%) од испитаниците; Б) ДА, одговориле 95 (74,8%) од испитаниците.

| *Табела 7:* **Член на политичка партија** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 95 | 32 | 127 |
| 74,8% | 25,2% | 100% |




Графикон 7

Шестото прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали демократијата е најдобар политички систем?

Прашањето го одговориле 127 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) НЕ, одговориле 27 (21,3%) од испитаниците; Б) ДА, одговориле 87 (68,5%) од испитаниците и со В) НЕ ЗНАМ, одговориле 13 (10,2%).

| *Табела 8:* **Дали демократијата е најдобар систем?** | | | |
|---|---|---|---|
| Да | Не | Не знам | Вкупно |
| 87 | 27 | 13 | 127 |
| 68,5% | 21,3% | 10,2% | 100% |




Графикон 8

Седмото прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали сте за револуционерни начини за општествени промени?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 55 (43%) од испитаниците; Б) НЕ, одговориле 51 (39,8%) од испитаниците и со В) НЕ ЗНАМ, одговориле 22 (17,2%).

| *Табела 9:* **Дали сте за револуционерни општествени промени?** | | | |
|---|---|---|---|
| Не | Да | Не знам | Вкупно |
| 51 | 55 | 22 | 128 |
| 39,8% | 43% | 17,2% | 100% |




Графикон 9

Осмото прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали знаете што значи поимот политичка култура?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 113 (88,3%) од испитаниците; Б) НЕ, одговориле 15 (11,7%).

| *Табела 10:* **Дали знаете што значи поимот политичка култура** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 113 | 15 | 128 |
| 88,3% | 11,7% | 100% |




Графикон 10

Деветото прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Каква политичка култура има во Македонија?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати:




Десетото прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали политичката култура влијае врз развојот, стабилноста и демократијата во РСМ?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 112 (87,5 %) од испитаниците; додека Б) НЕ и В) НЕ ЗНАМ, одговориле исто, по 8 испитаници (6,3 %).

*Табела 11:* **Дали политичката култура влијае врз развојот, стабилноста и демократијата во РСМ?**

| Не | Да | Не знам | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 8 | 112 | 8 | 128 |
| 6,3% | 87,5% | 6,3% | 100% |




Графикон 11

Единаесетто прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Политиката има важна улога во мојот живот.

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 34 (26,6 %) од испитаниците; додека Б) НЕ одговориле повеќето, 50 испитаници (39,1%) и В) ДЕЛУМНО, одговориле 44 испитаници (34,4% %).

| *Табела 12:* **Политиката има важна улога во мојот живот** | | | |
|---|---|---|---|
| Не | Да | Делумно | Вкупно |
| 50 | 34 | 44 | 128 |
| 39,1% | 26,6 % | 34,4 % | 100% |




Графикон 12

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Општествените проблеми се решаваат најдобро преку...?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и одговорите се групирани околу следниве предлози: дијалог, дебата, јавна расправа; образование; стабилни институции и систем; револуции; политика и партија; народ и граѓански активизам; судство; социјални медиуми.




Наредното прашање е за тоа

- *Што за вас претставува идеален политичар?*

Прашањето го одговориле 128 испитаници и одговорите се групирани околу следниве предлози: чесен, хуман, одговорен, стабилен, некорумпиран, интегритет и нема таков.

| Табела 13: **Што за вас претставува идеален политичар?** | | |
|---|---|---|
| Чесен, одговорен, со интегритет, некорумпиран, стабилен, од народот, | Нема таков | Вкупно |
| 110 | 18 | 128 |
| 88,3% | 11,7% | 100% |




Графикон 13

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали имате доверба во институциите на политичкиот систем и во кои?

На ова прашање од 128 испитаници, само 3 одговориле дека имаат, и тоа 2 во претседател на држава и 1 во армијата.




Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали некогаш сте присуствувале на јавен собир?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 96 (75 %) од испитаниците; додека Б) НЕ одговориле 32 испитаници (25%).

| *Табела 14:* **Дали сте присуствувале на јавен собир?** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 96 | 32 | 128 |
| 75% | 25% | 100% |




Графикон 14

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали некогаш сте присуствувале на демонстрации?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 96 (75 %) од испитаниците; додека Б) НЕ одговориле 32 испитаници (25%).

| *Табела 15:* **Дали сте присуствувале на демонстрации?** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 76 | 52 | 128 |
| 59,4% | 40,6% | 100% |




Графикон 15

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали некогаш сте присуствувале на штрајк на работното место?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со ДА, одговориле 27 (21,1 %) од испитаниците; додека со НЕ одговориле 101 испитаници (78,9 %).

| *Табела 16:* **Дали сте присуствувале на штрајк на работното место?** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 27 | 101 | 128 |
| 21,1 % | 78,9 % | 100% |




Графикон 16

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали до сега сте поднеле приговор до некоја државна институција?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 70 (54,7%) од испитаниците; додека Б) НЕ одговориле 58 испитаници (45,3%).

| *Табела 17:* **Дали сте присуствувале на штрајк на работното место?** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 70 | 58 | 128 |
| 54,7 % | 45,3 % | 100% |




Графикон 17

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали сте волонтирале во некоја организација од било каков тип?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 66 (51,6%) од испитаниците; додека Б) НЕ одговориле 62 испитаници (48,4%).

| *Табела 18:* **Дали сте волонтирале во некоја организација од било каков тип?** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 66 | 62 | 128 |
| 51,6 % | 48,4 % | 100% |




Графикон 18

Следното прашање за испитаниците во анкетниот прашалник гласи:

- Дали некогаш имате потпишано петиција/граѓанска иницијатива?

Прашањето го одговориле 128 испитаници и добиени се следниве резултати: со А) ДА, одговориле 91 (71,1%) од испитаниците; додека Б) НЕ одговориле 37 испитаници (29%).

| *Табела 19:* **Дали некогаш имате потпишано петиција/граѓанска иницијатива?** | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Вкупно |
| 91 | 37 | 128 |
| 71,1 % | 29 % | 100% |




Графикон 19

**3. Квалитативна анализа**

Според добиените резултати заклучив дека во нашата држава, граѓаните се свесни и имаат познавања за своите основни политички и граѓански права. Анализата покажува дека 67% од испитаниците сметаат дека демократијата е најдобриот систем на владеење, додека 88% знаат што значи поимот политичка култура. Сепак и покрај тој висок процент на конфирмација на прашањето, многу е широка палетата на одговори каде што процентуално се блиску изјаснувањата за видот на политичка култура. И тоа најголем процент од нив 28% се изјасниле дека во Македонија има мешана политичка култура, додека зачудувачки е сличен процентот меѓу испитаниците кои одговориле дека таа е демократска, односно пасивна. Со околу 15% следува одговор дека политичката култура во Македонија е авторитарна, а веднаш потоа и 9% од испитаниците кои сметаат дека е партиципативна. Не треба да се занемари и бројот на неодредени или оние кои одговориле со не знам и никаква (околу 3%) што наспроти високиот процент на претходен одговор дека знаат што значи политичка култура е непропорционален.

Податоците кои беа добиени од анкетниот прашалник покажуваат дека не постои одреден степен на интерес кај испитаниците за политиката. Тоа значи дека, речиси, половина од популацијата признава дека не се вклучува во комуникација за политички прашања, но и близок е процентот на оние кои сметаат дека политиката игра делумна улога во нивниот живот што укажува можеби на резервираност во признавањето дека се дискутира за политика во непосредната околина. Но истовремено е висок процентот на испитаници кои сметаат дека политичката култура влијае врз развојот, стабилноста и демократијата во РСМ. Исто така анализата покажува дека најголемиот дел од испитаниците (43%), претпочитаат револуционерна пракса како начин за разрешување на општествените прашања и сметаат дека таа практика е подобар начин за решавање на општествените проблеми, отколку можеби други алтернативи. Околу 40% не би ја оправдале употреба на револуционерни пресврти или немири за да се поттикнат општествени промени. Интересен е фактот што скоро е изедначен процентот на испитаници кои подржуваат односно не подржуваат револуционерни промени. И во однос на возраст, пол, образование и националност. Кај испитаниците на возраст до 30 години повеќе е добиен одговор „не знам“. Повеќе од испитаниците кои се жени одговориле потврдно на прашањето за поддршка на револуционерни промени, додека испитаниците кои се изјасниле дека се членовите на политичките партии, не ја оправдуваат примената на насилни методи за постигнување на политички цели. Но

исто така е важно да се каже дека овој процент не соодејствува со одговорот на прашањето за тоа како најдобро се решаваат општествените проблеми при што на испитаниците им е оставен простор за слободно изразување. Само мал процент одговориле дека се за револуционерни промени, додека повеќе од 90% имаат одговорено дека дијалогот, толеранцијата и граѓански иницијативи се алтернативите кои повеќе ги преферираат за општествени промени.

91 испитаник се изјаснил дека има потпишано петиција/граѓанска иницијатива, додека уште една слична активност во која мнозинството испитаници биле вклучени, се јавните собири, која во најголемиот број случаи претставува најпасивна и најмалку фокусирана јавна активност. Висок е процентот на испитаници наспроти негативниот одговор за присуство и на демонстрации, приближно до 60%. Голем е процентот на лицата што не учествувале на штрајк на работното место, иако 82% од испитаниците се вработени. Дали тоа укажува на пасивен однос кон работничките права, незнаење или страв од губење на работното место, па дури и молчење заради унапредување, секако бара подетална анализа. Но исто така може да укажува и на тоа дека испитаниците се незаинтересирани и отуѓени од работничките процеси.

Тоа понатаму се зголемува со генерално високиот степен на недоверба во институциите на политичкиот живот кое резултира со пасивност во политичкото дејствување. Овој процент соодејствува со тоа дека голем број на испитаници би си ја вратиле вербата во институциите доколку политичарите би биле чесни, стабилни, со интегритет, некорумпирани, избрани од народот, образовани, со визија за подобра иднина на сите, транспарентни, спремни да преземат одговорност. Не е за занемарување ни процентот од околу 12% на испитаници кои сметаат дека не постои идеален политичар кој ќе се грижи за народот и колективното добро. Она што најдобар осврт од анализата може да се види е одговорите на прашањето како најдобро се решаваат општествените проблеми. Најголем процент на одговори се за дијалог, дебати, јавна расправа, иницијативи, референдуми, толеранција, станбилни институции и систем, граѓански активизам и образование, подобро судство, учество на социјалните медиуми во креирање на клима на дијалог и дебати.

Може да се заклучи дека иако поголем број на испитаници одговориле дека им е познат поимот политичка култура, сепак кога станува збор за тоа каква е таа во Македонија се поделени што укажува на неконзистентнот и често менување на ставови во зависност од владеењето на политичката власт. Релативно високото мислење за

демократијата како пожелен политички систем и постоењето на демократска политичка култура, дава една контрадикторност со мал степен на препознавање на партиципативната наспроти пасивната демократската култура. Како да се заглавува со терминот мешана политичка култура која во зависност од дискурсот, ниво на дискусија на микро и макро ниво може да содржи различни толкувања. Недовербата во институциите на системот длабоко укажува на неможност за остварување на сите права и промени било по револуционерен пат било преку собири, демонстрации и штрајкови. Резултатите од овие начини за промена на општествени процеси ќе останат само забележани во дневните и месечни известувања без никаков понатамошен исход, макар и неутрален. А тој исход е потребен за суштински коренити промени во самиот политички и општетсвен апарат со сите негови чинители. На подолг рок може да се случи апатија, незаинтересираност па дури и рамнодушност на луѓето која нормално е да се роди поради неможноста навистина да се случат промени по било кој избран пат.

## IX. Заклучок

Предмет на ова истражување беше да се открие каква е политичка култура во Македонија. Преку оваа теза се обидов да дадам одговор дека во нашата држава нема доволно изразена активна партиципативна култура во однос на политичкото учество. Отсуството на партиципативна демократска култура резултира со пасивен однос кон власта, некритичко мислење за се’ што значи политика и јавен живот и немање потреба за борба за суштински реформи.

Низ овој труд изразувам мислење дека граѓанинот во Македонија не се препознава себеси како активен учесник во политиката и во креирање на политичкиот живот, ниту пак како коректор на власта што му овозможува и индиректно да влијае врз стабилноста на самата држава. Политичката култура е истовремено и камен-темелник на воспоставувањето на политичката заедница и основно средство за нејзино зачувување. Фридрих Ниче[46] кажува дека „премногу традиција го оптоварува политичкиот поредок, но премалку традиција ја поткопува и уништува заедницата и нејзиниот поредок“. Важноста на политичката култура во однос на политичките

[46] Paul Bishop, “NIETZSCHE AND ANTIQUITY His Reaction and Response to the Classical Tradition”, Glasgow, 2003, достапно на tinyurl.com/a7vnhy5e, пристапено на 12.08.2021

вредности е голема, особено што демократските системи поддршката на еманципираното граѓанство ја земаат како основа на нивниот легитимитет.

Велзел и Лнглехарт[47] велат дека луѓето во земјите со ниски примања се склони кон авторитаризам и тогаш и демократијата е кревка кога е „демократија без демократи".

Преку политичката култура и различните типови укажувам на причините за недоследност во обидите на земјите во развој да ги копираат западноевропските модели при креирање на сопствените политички системи. Од друга страна, во развиените демократии се појавуваат расните немири, еколошки и феминистичките движења, медиумите кои предизвикуваат значителен интерес за политичката култура, бидејќи до одреден степен овој поим дозволува одвојување на земјите склони кон демократија од земјите склони кон авторитарност.

Сметам дека политичката култура е столб на модерната демократија и таа се гради со зајакнување на партиципативната култура односно учество на јавноста/граѓаните во процесот на донесувањето одлуки. Врз партиципативната домократија денеска имаат голема улога медиумите, образованието, прашања поврзани со животната средина и движењето на жените. Во една мултикултурна средина како што е Македонија зајакнувањето на дијалогот и неговата улога, толеранцијата и почитувањето на културната разновидност се основни детерминанти на модерната партиципативна демократија или учеството на јавноста во процесите на донесување одлуки. Политичкиот развој и модернизацијата на општеството зависат од различните типови на политичка култура. Промените во политичката култура го прават системот нестабилен и конфликтен кога од една страна постојат образовани и партиципативно ориентирани граѓани а од друга претежно необразованата популација. Исто така менувањето на политичката култура зависи од економскиот раст и развој на државата, бидејќи тој напредок ќе доведе до менување на социјалната структура која влијае врз политичката култура. Постоењето на авторитарна политичка култура не може да поддржи демократски систем и можностите за успех се мали. Анализата на овој труд покажува и дека културата не може да се менува преку ноќ, особено не со глума и импровизации, што во креирање на политики што преку формирање на инстант

[47] Ronald Inglehart and Christian Welzel, " Modernization, Cultural Change, and Democracy The Human Development Sequence", CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS, 2005, достапно на tinyurl.com/4ny7apjc, пристапено на 12.08.2021

институции. Без системски промени и дијалог за вистински вредности, политичката култура ќе биде се’ само демократска и партиципативна не.

Професорот Чупиќ во своите дела[48] кажува дека основни средства за развој на демократско политичко владеење се дијалог, толеранција, компромис и консензус. Истражувањето спроведено преку анкетниот прашалник го дава истото толкување во една генерализирана идеја за сфаќањето на демократската култура во општеството. Таму каде што нема разговор, дијалог, договор, заеднички одлуки има само авторитарни и наменски наредби и решенија. Се вели дека најдобар и највозвишен чин на политичка комуникација е дијалогот. Античките Грци верувале дека силата и насилството се неми и затоа не треба да имаат место во политиката. Кога не се дискутира за политика (се води дијалог), тогаш се наредува или се применува сила и насилство. Дури и најтешкиот заеднички проблем може да се реши со дијалог. Преку дијалогот се разменуваат мислења, се разговара за заблудите и предрасудите, ограничувањата и грешките. Кога не се дискутира, тогаш проблемите се продлабочуваат, се отвараат нови кризи и конфликти. Се чини дека во државата сме подготвени на се’ освен на тоа да си дозволиме да слушнеме различно мислење. А зборуваме за мултикултурно општество. Дијалогот не значи само комуникација, резултира со создавање на ново решение со нови аргументи. Нема демократска политичка култура без дијалог. Добро уреден демократски поредок ниту може да се изгради ниту да функционира без дијалог. Луѓето кога се отворени и веруваат во силата на дијалогот, не прифаќаат и не практицираат сила и насилство. Затоа и демократската политика треба да го негува во континутет дијалогот и да создава процедури и механизми кои со своето значење ќе го промовираат. Ќе му дадат значење во политичкиот живот на заедницата.

Чупиќ вели дека нема политички дијалог:

- каде што мерка на вистината е моќта;
- каде се донесуваат политички одлуки во тесни кругови на политички елити;
- каде што граѓаните стануваат маси;

[48] Đuro Šušnjić, “VERSKI DIJALOG I TOLERANCIJA– DRAMA RAZUMEVANJA”, достапно на https://tinyurl.com/yzktm5ya, пристапено на 01.09.2021 I “Ribari ljudskih dusa”, достапно на https://tinyurl.com/hxdzptdh, пристапено на 02.09.2021

• каде што нема соработка помеѓу граѓаните и кога тие не се поврзани со универзалните вредности: слобода, еднаквост, солидарност, пријателство, љубов;

• каде што се охрабруваат верски, национални, расни, класни и други конфликти;

• каде политичарите манипулираат со граѓаните;

• каде политичарите шират лоши чувства (завист, омраза, злоба) и лоши ситуации преку пропаганда (страв, вознемиреност, паника, лукавост);

• каде што зборовите и јазикот се обезвреднети во политичкиот живот (кога не постојат дела зад изговорените зборови и значења, туку измами и лаги);

• каде што се даваат ветувања во политиката, а ветувањата не се исполнуваат;

• таму каде што постои политика на угнетувачи и угнетени, моќни и немоќни (и кога се дискутира, во таквата политика не е дијалог, туку лукавост, измама, генијалност и лаги - тоа е „разговор“ на измамници и измамени);

• каде што сите зборуваат и никој никогаш не слуша (тоа е муабет, а не политичка заедница)[49].

За да се формира дијалошка политичка култура, потребно е: да се почитуваат личностите и нивните индивидуални права, верските и националните права.

Друга голема алатка на демократската политичка култура е толеранцијата. Толеранцијата е подготвеност за компромис, но и прифаќање на разликите и плурализмот на мислења, ставови, верувања, убедувања, постапки и однесувања.

Затоа, постоењето и прифаќањето на различни религии и верските заедници или народите и нациите во една држава не треба да се гледаат како можност за конфликти, туку за запознавање и дополнување едни со други. Чупиќ исто така зборува дека толерантен не е оној кој е немоќен или кој се брани, но и дека толеранцијата не е рамнодушност, ниту игнорирање. Револуционерите по својата природа и логика не можат да бидат толерантни. Толерантни се поединци, групи и заедници. Државата не може да биде толерантна, бидејќи е легитимна и легално располага со сила и користи сила, но затоа може да биде гарант за толеранција. Во политичкиот живот на едно општество и држава, компромисот е значајна алка. Онаму каде што е овозможена слободата на мислење, изразување и организација, судирите тешко може да завршат во

---

[49] Čedomir Čupić, “Demokratski poredak”, достапно на https://vs.gamn.org/files/II-lekcija-CedomirCupic.pdf, пристапено на 12.06.2021

конфликт, па и војни. Со цел да се избегнат или намалат конфликтите, се користи компромис. Затоа се вели соработка за заеднички интерес, за општото добро на граѓаните во политиката.

Демократската политичка култура е незамислива без консензусот. Најдобрите решенија во заедничкиот живот се постигнуваат со согласност на сите учесници, бидејќи кога учесниците во донесувањето политички одлуки се согласуваат, никој не е надгласан и никој нема чувство дека е занемарен, пропуштен или поразен. Консензусот е исклучително важен во процесот на усвојување на најважните одлуки, особено во мултинационалните и мултирелигиозните држави. Наметнување на волја врз повеќето малцинства можат да бидат причина за непомирливи и тешки конфликти. Само консензус во такви услови им овозможува на државите дека националното, верското или секое малцинство се чувствуваат еднакви. Политичката култура како предуслов овозможува формирање на демократски модел на мислење, дејствија и однесувања.

Можеби е премногу да ги употребам во заклучоци Орвеловите: “војната е мир, слободата е ропство, незнаењето е моќ”. Но, за жал некои се дел и од нашата поблиска историја. Оваа теза покажа дека на граѓаните на нашата држава потребно им е освестување во поглед на политичката култура и тоа без да се навлегува во рутината на вокабуларот за тоа каква треба да е за да биде успешна. Од истражувањето, на прашањето каква политичка култура има во Македонија, пола од испитаниците одговараат дека е авторитарна, која подразбира широка поддршка за режимот и емоционални врски со партијата. Нашата политичка култура е мешана, затоа е системски сложена култура, на крстопат од мнозинска авторитарна до демократска култура што ја прави нестабилна. Сметам дека во Македонија има потенцијал за партиципативна политичка култура и активно граѓанство, храбро и разумно. Но исто така сметам дека треба да се поттикне тој потенцијал преку учење, едукација, образование за правата и обврските како и за прифаќање на различностите. Треба да се создаде култура на прифаќање на посебноста како начин за збогатување на сопствената. Само така ќе може да се создаде политичка патека на која попатните станици кон целта ќе бидат дијалогот, граѓанските иницијативи, компромисот, разговорот, учеството во донесување на одлуки, борба за рамноправност и почитување на правата на сите, солидарноста, емпатијата, кои пак од друга страна ќе ја дадат основата за понатамошен континуитет кај идните генерации. Заклучокот е дека преку образование и враќање на довербата во институциите, ќе се излечи апатијата и

негативниот поглед кон политичките процеси и со граѓанското учество нема да и се дозволи на моќта да стане цел. Скептицизмот и оддалеченоста меѓу луѓето и државата ќе се надмине со градење на релации и активно учество и присутност за тоа каде сакаме да бидеме и каква држава сакаме да бидеме. Граѓаните ќе бидат тие кои ќе ја обликуваат стварноста а не оние кои владеат со неа.

Има многу примери дека конфликтите може да се решаваат преку дијалог. Некогаш се потребни и револуционерни пракси но со истрајна партиципативна политичка култура. Се постигнуваат промени кога се поставува прашањето кога, а не како. И тоа како дел од политичката култура на секој поединец кој е свесен дека тоа на подолг рок влијае и на државната стабилност. А многу е тешко да се постигне регионална стабилност ако одделните држави не се стабилни внатрешно. И стабилноста не значи само раст на БДП, инвестиции или подобри патишта - стабилноста значи создавање на општества кои, во демократски процедури, може да ги решат дури и најкомплицираните внатрешни прашања. Заклучок од тезата е дека веќе е време кризите во државата кои се однесуваат на сите, да поттикнуваат чувство за заедницата, односно развивање на политичка култура која ќе ја јакне политичката интеграција. Ова истовремено ќе значи и низок степен на политизација на личниот живот, односно силно чувство за национален идентитет. Иако може да се заклучи и дека бавно се менуваат политичките и културни идентитети, сепак постои тенденција на ширење и прифаќање на универзални културни и политички вредности. Така и партиципативната политичката култура може да биде простор на кој некои држави и системи побрзо ќе се развијат и успеат.

## X. Препораки

Препораката од овој труд е да се разбуди граѓанскиот активизам во Македонија и да доживееме катарза на политичката култура, односно да имаме активно граѓанско учество создадено од граѓани кои поседуваат знаење и разбирање, имаат граѓански вештини и способности и граѓански вредности и ставови. Граѓанската компетентност е препознаена и во препораките на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство од 2002 година и важи за една од осумте клучни компетенции за доживотно

учење што треба да се развијат од предучилишно до високо образование за да се достигне „лично исполнување и развој, активно граѓанство, социјална инклузија и вработување“[50]. Важноста на систематскиот пристап за учење за човековите права и државјанство е препознаена во голем број нормативни и стратешки документи на меѓународните организации, особено на УНЕСКО, Советот на Европа и ОБСЕ. Основни меѓународни документи, како што се Универзалната декларација за човекови права (1948), Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (1950), Конвенцијата за правата на детето (1989) и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (1966), исто така, содржат одредби за важноста на образованието за човекови права, еднаквост, мир, разбирање и толеранција. УНЕСКО ја усвојува Препораката за образование за меѓународно разбирање, соработка и мир и почитување на човековите права и основните слободи (1974) и Светскиот план за акција во образованието за човекови права и демократија (1993). Важноста од воведување на образование за човекови права и демократско граѓанство во задолжителниот училишен систем е нагласена и со извештајот на УНЕСКО на Меѓународната комисија за развој на образованието за 21 век, во кој се споменуваат четири поддршки за иднината: учење да се знае, научи да правиш, научи да бидеш и научи да живееш заедно. Затоа сметам дека образованието во областа на развојот на социјалните вештини и човековите права мора да биде дел од задолжителното образование.

Ако општествената структура не е стабилна, носителите на развојот на општеството, не можат да обезбедат добар демократски поредок. Само во услови на стабилна структура и развиена демократска партиципативна култура е можен развој на државата. Не може да постои демократска политичка култура без да се подигне нивото на општата култура на луѓето преку прифаќање на универзалните вредности како насоки (вистина, правда, солидарност). Без добро воспитана и образована личност која е слободен граѓанин не може да постои почитување и гаранција на индивидуалните и колективните права. Исто така многу значаен фактор за партиципативна култура е довербата на граѓаните во власта која се создава, па одржува и надградува. Континуитет и системски компромис за редовни и транспарентни избори, за морална одговорност, за одговорно владеење и судски систем еднаков за сите. Една од основните егзистенцијални поткрепи на партиципативната култура е и јавноста,

[50] Препорака 2006 /962 / ЕЗ, достапна на shorturl.at/sBDO0 пристапена на 24.08.2021

јавното мислење и граѓанско учество кое има не само критична туку и контролна и корективна улога.

Сметам дека зајакнувањето на интегративната демократија на нашата држава е можно преку зајакнување на улогата на граѓаните како на локално така и на ниво на заедница, но и зголемување на демократијата во самите политички партии што ќе резултира со активни чинители на процесите во самата партија и во општеството. Ревитализацијата на локалната демократија повторно преку учество на граѓаните го вежба активизмот и учеството за потоа да се прелее истото на макро ниво. Едукацијата на традиционално маргинализирани групи граѓани, како и напорите да се организираат дебати и расправи на локално ниво се невозможни без солидна институционална основа. Според мене оваа теза покажува дека повисоко ниво на политички плурализам предизвикува комплексен модел на конфликт во рамките на конкурентните елити, повисоки нивоа на конфликт и на крајот посеопфатни реформски политики. Модерната демократија нема да може да ја превенира појавата на партиципативна демократска култура доколку истата како сеопфтен структурен модел не се вкорени длабоко во теориите за политичко однесување и пракса и се раздели на множества на стратегии.

Партиципативната култура има свои корени уште од стара Грција, а се провлекува како дел од сите востанија, револуции, протести и сл. Партиципативната култура е онаа во која членовите веруваат дека нивниот придонес е важен.[51] Според Џенкинс индивидуите имаат цивилен ангажман со што ги прават општествените промени од долу па кон врвот.

Затоа е важно граѓаните да се активни, автономни и асоцијативни, а политичката култура да биде демократска и партиципативна заснована врз принципите на толеранција, ненасилство, солидарност, слобода, еднаквост, правда што води кон унапредување на демократијата во државата.

Неподготвеноста за граѓанско учество, или партиципација, е спротивна на идејата за демократија базирана на активно граѓанство. Демократијата како владеење на народот, во која било форма, е незамислива без вклучување на граѓаните. Освен тоа, апатичните граѓани не се неполитички граѓани, тие се граѓани кои ги оставаат работите онакви какви што се. Проблемите на општеството во кое живееме не можат да се решат со

[51] Henry Jenkins, “Confronting the Challenges of Participatory Culture: Media Education for the 21st Century”, MIT Press, 2009, достапно на tinyurl.com/r5a7rvbp, пристапено на 15.05.2021

политика на предавање и откажување, туку само со учество и трансформација на политиката на начин што ќе ни овозможи ефективно да ги обликуваме и организираме нашите животи. Со учество во процесот на донесување одлуки што влијае на нашите животи, учиме како да станеме подобри граѓани и демократи. Многу е важно да бидеме свесни дека донесените одлуки нема секогаш да бидат во согласност со нашите индивидуални желби, бидејќи тие се носат во процесот на заедничко одлучување.

**Библиографија:**


1. Almond, G. A. and Verba, S. "The Civic Culture: political attitudes and democracy in five nations". Princeton, NJ: Princeton Unversity Press, 1963
2. Bishop Paul, "NIETZSCHE AND ANTIQUITY His Reaction and Response to the Classical Tradition", Glasgow, 2003, достапно на tinyurl.com/a7vnhy5e, пристапено на 12.08.2021
3. Elazar J., Daniel "The American Mosaic", 1994, достапно на tinyurl.com/tnrscyey, пристапено на 02.06.2021
4. Gendzel Glen, "Political Culture: Genealogy of a Concept", San Jose State University, 1997
5. Hoffman, John and Graham, Paul, "Introduction to Political Theory" 3th edition, 2 Park Square, Milton Park, Abingdon, Oxon, 2015
6. H. Hyman Herbert, "Political socialization, A study in the psychology of political behavior", the Free Press, 1959
7. Inglehart, R., C. Haerpfer, A. Moreno, C. Welzel, K. Kizilova, J. Diez-Medrano, M. Lagos, P. Norris, E. Ponarin & B. Puranen et al. (eds.). 2014. World Values Survey: Round Four - Country-Pooled Datafile Version, Madrid: JD Systems Institute, достапно на tinyurl.com/2uxxum97, пристапено на 12.04.2021
8. Inglehart, Ronald and Welzel, Christian, "Modernization, Cultural Change, and Democracy The Human Development Sequence", CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS, 2005, достапно на tinyurl.com/4ny7apjc, пристапено на 12.08.2021

9. Jenkins, Henry (2009) “Confronting the Challenges of Participatory Culture: Media Education for the 21st Century”, MIT Press, достапно на tinyurl.com/r5a7rvbp, пристапено на 15.05.2021
10. Lance, Bennett W. (1980) “American government and politics in the information age”, New York: Harcourt Brace Jovanovich, 1980, достапно на tinyurl.com/uz798t2k, пристапено на 13.04.2021
11. Малеска, Мирјана “Предизвици, политичка култура- Политичката култура и демократската стабилност”, ФЕС – Скопје, 2019, достапно на tinyurl.com/2w4jfne2, пристапено на 02.02.2021
12. Matic Milan, “O pojmu politicke culture”, достапно на shorturl.at/mGVW3, пристапено на 23.07.2021
13. Mihaljevic, Damirka “The Balkan Political Culture – The problem of Democratization”, достапно на tinyurl.com/2vays3tj, пристапено на 31.05.2021
14. Pye W., Lucian (1965) “Political culture and Political Development” in PRINCETON UNIVERSITY PRESS online, достапно на tinyurl.com/vb96cdjb, пристапено на 11.03.2021
15. Parsons, Talcott and Shils, Edward A. “Toward a General Theory of Action”, Harvard University Press, Cambridge, Mass, 1962.
16. R. Dye Thomas, “Understanding public policy”, by Pearson Education, Inc. 198, 2003
17. Савески, Здравко “Критичка анализа на концептуализацијата на политичката култура на Г. Алмонд и С. Верба”, Годишник за 2007 година на Институтот за социолошки и политичкоправни истражувања, Скопје: ИСППИ, 2008
18. Skledar Nikola, “Politika, demokracija i etika”, 2017
19. Voinea, Camelia Florela and Neumann, Martin “Political culture: a theory in search for methodology”, Springer Nature B.V. 2015
20. Vujadinović Dragica,, “Civilno društvo i politička kultura”, Filozofska istrazivanja, 109, Izvorni članak, 2018
21. Čupić Čedomir, “Demokratski poredak”, достапно на https://vs.gamn.org/files/II-lekcija-CedomirCupic.pdf, пристапено на 12.06.2021

22. В. Димитров Никола, Митрева Елизабета, Серафимова Мимоза, “Методологија на научно истражувачката работа”, 2017, достапно на УРЛ shorturl.at/arKYZ, пристапено на 01.08.2021

23. Vujcic Vladimir, “Tipologija politicke culture”, Polit. misao, Vol XXXV, 1998

24. Šušnjić Đuro “VERSKI DIJALOG I TOLERANCIJA– DRAMA RAZUMEVANJA” достапно на https://tinyurl.com/yzktm5ya, пристапено на 01.09.2021 и “Ribari ljudskih dusa” достапно на https://tinyurl.com/hxdzptdh, пристапено на 02.09.2021

25. Šalaj Berto, Hoffmann Dražen, Javorina Tanja, Horvat Martina, “GRAĐANIN, A NE PODANIK!GRAĐANKA, A NE PODANICA!Politička pismenost: od klasične do suvremene demokracije” Edukacija za građansku pismenost GONG-a, 2017, достапно на shorturl.at/egB17, пристапено на 15.08.2021.